# ПРИМЕРЕНОСТА НА МИНИМАЛНОТО ПРИМАЊЕ

## ВО ЕУ



ЕАPN ТОЛКУВАЧ #2

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

2010

EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

# ПРИМЕРЕНОСТА НА МИНИМАЛНОТО ПРИМАЊЕ

## ВО ЕУ

EAPN ТОЛКУВАЧ #2

2010

Оваа публикација е поддржана од Програмата за вработување и социјална солидарност–ПРОГРЕС (2007–2013) на Европската заедница.

Оваа програма е управувана од страна на Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и примерени можности на Европската комисија. Таа е основана со намера финансиски да ги поддржи спроведувањето на целите на Европската унија на подрачјето на вработувањето и социјалните прашања како што се поставени во социјалната агенда и со тоа да придонесе кон постигнување на целите на Лисабонската стратегија за овие подрачја.

Седумгодишната програма ги опфаќа сите чинители кои можат да помогнат во обликувањето на развојот за примерено и ефективно вработување и социјалното законодавство и политика, во рамките на ЕУ-27, ЕФТА-ЕЕА и ЕУ-кандидатите и предкандидатските земји.

Мисијата ПРОГРЕС има цел да го зајакне придонесот на ЕУ за поддршка на обврските на земјите-членки. ПРОГРЕС ќе се заложи за:

- *подготовка на анализи и совети за учесниците во политиките на ПРОГРЕС;*
- *мониторинг и известување за спроведувањето на ЕУ-законодавството и политиките во подрачјата на ПРОГРЕС;*
- *промовирање на трансферот на политики, учење и поддршка помеѓу земјите-членки во врска со целите и приоритетите на ЕУ;*
- *размена на мислења на чинителите и општеството во целина.*

За повеќе информации: http://ec.europa.eu/progress

Информациите изложени во оваа публикација не ја одразуваат позицијата или мислењето на Европската комисија.

Ова е втора книшка во серијата книшки на EAPN наречена „Толкувачи“ што се обидува на разбирлив и секојдневен јазик да „објасни“ клучни теми и дебати кои се приоритетни во расправата за сиромаштијата во ЕУ. Тие се наменети, главно, за луѓе вработени во цивилните општествени организации, но исто така и за секој заинтересиран да придонесе за напредок во намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост во ЕУ. Оваа серија „Толкувачи“ се дел од активностите на EAPN за подигање на свесноста во 2010 година, европската година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Фотографии:

Насловна страница: Participant in the 8th European Meeting of People Experiencing Poverty, 2009, ©Rebecca Lee; As coisas têm preço, os homens têm dignidade, ©Sergio Aires; 17th October 2008, Brussels, ©Rebecca Lee; Mother and baby at EAPN's GA in Vienna, 2009, ©EAPN Autriche. P 6: Family in tall grass, 26 April 2009, ©Seer Snively. P 9: Laugh and Dance, 5 August 2008.

©Holly Fisher. P 10: Man with microphone, Helsinky 2006, EAPN Finland. Mother and baby at EAPN's GA in Vienna ©EAPN Autriche; Woman at EAPN's GA in Vienna ©EAPN Autriche. P 12:

David and Ash love each other, 29 June 2009, ©Seer Snively. P 13: Esquisse de la précarité, ©EAPN France. P 14: Man on a wheelchair, ©European Commission. P 16: Heraanleg scheldekaainen, ©Raymond Clément. P 18: Explosions, Original artwork by Merrick Brown, July 2008, ©Merrick Brown. P 21: Let's play, ©Emanuel Batalha. P 22: As coisas têm preço, os homens têm dignidade, ©Sergio Aires. P 28: Panier bio, 25 March 2006, © Jalb. P 31: Complemento Solitario para Idosos ©Sergio Aires. P 32: Sábados ©Sergio Aires. P 39: 17th October 2008, Brussels, ©Rebecca Lee. P 40: Quimeras ©Sergio Aires. P 46: Porque sou eu eu e não tu, ©Sergio Aires. Back cover: Qui-meras ©Sergio Aires.

**EUROPEAN ANTI-POVERTY NETWORK**
**RÉSEAU EUROPÉEN DES ASSOCIATIONS DE LUTTE CONTRE LA PAUVRETÉ ET L'EXCLUSION SOCIALE**

SQUARE DE MEEÛS, 18 – 1050 BRUSSELS
TEL : 0032 2 226 58 50 – FAX : 0032 2 226 58 69
Email : team@eapn.eu

# СОДРЖИНА

ВОВЕД....9

1. ЗА ШТО ЗБОРУВАМЕ? .... 13

1.1 Дефиниции .... 13

1.2 Пристап на организациите против сиромаштијата кон .... примереноста .... 16

2. РЕАЛНОСТА НА (НЕ)ПРИМЕРЕНОСТА ....17

2.1 Што велат луѓето? ....17

2.2 Факти .... 18

Повеќето шеми за минимални примања не ги издигнуваат луѓето од .... сиромаштија ....18

Како се пресметуваат и се ревидираат износите во шемите за минимално .... примање? .... 20

„Непреземање“ и „недоволна заштита“ .... 23

3. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИМЕРЕНОСТА ....25

3.1 Показатели на материјален губиток: статистички пристап на ЕУ кон непримерениот начин на живот ....25

Проценка на тоа што се смета за нужно за нормален достоинствен живот .... 26

Два нови показатели .... 26

Предности и недостатоци на пристапот .... 28

3.2 Буџет на минимален стандард за пристоен живот во Британија ....29

3.3 Модел на потрошувачка кошара темелен на стручноста на луѓето кои живеат во сиромаштија ....31

3.4 Користење на референтен буџет како репер за креирање
политики: шведски пример ....................................................................33

4. УНАПРЕДУВАЊЕ ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ:
ПРИМЕР НА ПЕНЗИСКИОТ СТОЛБ ........................................................................ 35

5. ПРИМЕРЕНОСТА НА МИНИМАЛНОТО ПРИМАЊЕ ПРИ КРЕИРАЊЕТО
ПОЛИТИКИ ДЕНЕС НАЦИОНАЛНИ ПРИМЕРИ НА РЕФОРМИ . ...................... 37

5.1 Создавање на 'revenu de Solidarité activé' ('rSa') во Франција: ..........
Примена на стратегијата за активна вклученост ..................................... 37

5.2 Австрија: нов закон за минимално примање со проверка ..................39

5.3 Финска: реформа на пензии и бенефиции во 2011 ................................ 40

5.4 Белгија: генерално средство со планирање против сиромаштија ...42

ЗАКЛУЧОК.................................................................................................................44

ДОДАТОЦИ ...............................................................................................................45

Додаток 1: Нето примање на корисниците на социјална
помош (2006) ......................................................................................45

Додаток 2: Главни заклучоци и предлози на мрежата на независни
експерти за минимални примања.....................................................46

Додаток 3: Главни документи и проекти што се занимаваат со
примереноста на минималните примања .....................................49



# ВОВЕД

## Што е минимално примање?

Минимално примање е поим што обично се користи за да се опише исплатата од страна на државата која функционира како „сигурносна мрежа“ за луѓето кои не можат да работат или немаат пристап до пристојна работа. Ова 'примање на крајна опција' или социјална помош е социјално право и еден од носечките ѕидови на државата за благосостојба и суштинска основа за осигурување на правото за достоен живот на сите. Национални шеми во моментов постојат во повеќето ЕУ-земји (освен Унгарија, Италија и Грција) и земјите на ЕФТА (освен Норвешка).

Иако карактеристиките на шемите за минимално примање варираат од една до друга земја, сепак едно е сигурно: **постоечките шеми за минимално примање не се** доволни за да ги извлечат луѓето од сиромаштија, ниту им одговараат на вистинските потреби на луѓето ниту им овозможуваат да учествуваат во нивните заедници или општества на примерена основа. Покрај тоа, шемите за минимално примање моментално се соочуваат со повеќе проблеми: покачувањето на цените ја намалуваат нивната куповна моќ, активните политики на пазарот на трудот ја зголемуваат условеноста на бенефициите; на луѓето со минимални примања сè повеќе се гледа како на мрзливи и се стигматизираат поради примањето на овие бенефиции.

Правото на адекватно минимално примање е клучно барање од страна на движењето против сиромаштијата за да се обезбеди прифатлив и достоинствен стандард на живеење за сите. Дебатата во моментов се концентрира на тоа како стандардот на минимално примање да се развива и да се примени на целото подрачје на ЕУ.

## Зошто е важна примереноста?

**Постојат силни аргументи што укажуваат на потребата од високо ниво на минималното примање:**

- *Шемите за минимално примање се клучен инструмент во спречувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост, сè додека средствата се доволни за да ги извлечат луѓето од сиромаштија.*
- *Тие им даваат на ранливите групи луѓе долгорочна сигурност што им е потребна на патот кон вработување, поголемо општествено учество или други видови вклученост.*
- *Тие ја обезбедуваат социјалната вклученост на луѓето за кои вработувањето не е опција, дали поради инвалидност, долготрајна болест или проблеми со менталното здравје, обврски кон старите или семејството или каде што нема пристап до квалитетни работни места.*
- *Тие се катализатори на фер плати кога нивото на платите е поврзано во позитивна хиерархија со пристојното ниво на минималното примање.*
- *Земјите-членки веќе се обврзаа на ниво на ЕУ или интернационално да обезбедат примерени примања, но досега е слаба имплементацијата на овие обврски. Пред сè, тие обезбедуваат цврста основа за социјално усогласено општество, изградено на солидарност.*
- *Во сегашната економска криза, тие не само што ги спречуваат тешкотиите за оние што немаат работа туку и осигуруваат нужна основа за потрошувачката што ја поддржува економијата.*

## Зошто токму сега објаснување за примереноста на минималното примање?

Од 1992 година, земјите-членки (ЗЧ) јавно се обврзаа да обезбедат примерено минимално примање за достоен живот.[1] Во декември 2008, министрите за вработување и социјални прашања на ЕУ ја поддржаа препораката на Комисијата „Унапредување на активната вклученост на луѓето најоддалечени од пазарот на трудот“, што вклучува:

1. *Одредба за поддршка на примерено ниво на примање;*
2. *Врска со пазарот на трудот;*
3. *Пристап до услугите, а особено до социјалните услуги.*[2]

EAPN води кампања за конкретна имплементација на овие обврски. Серија активности беа донесени од страна на Комисијата во 2009 за да се унапреди имплементацијата на препораката. Ова вклучува **студија на минималните примања во ЕУ** направена од страна на ЕУ-мрежата на национални експерти за социјална вклученост[3] издадена во октомври 2009 година. Се бараше од националните експерти да ги проценат националните шеми за минимални примања во однос на нивниот опфат, примереноста и ефективноста, како и нивната улога во интегрираните стратегии за активна вклученост. Анализите во овој извештај се блиски со позицијата на EAPN и цврсто ги поддржуваме заклучоците и препораките од овој извештај. EAPN се надева дека овој извештај ќе придонесе кон поттикнување на понатамошното унапредување на стандардите за минимални примања на ниво на ЕУ што се во развој, преку EU Social Open Method of Coordination (ЕУ-социјално отворен метод на координација).

И на крајот, во контекст на економската криза, во нејзините предлози за економско закрепнување[4], ЕУ ги притисна владите да ја признаат двојната улога на социјалната заштита во ублажување на социјалните удари и обезбедување на мост за поттикнување на побарувањата од потрошувачите. Тоа значи дека шемите за минимални примања се во центарот на обновениот интерес за креаторите на политиките. Во една пригода на Европскиот совет, пролетта 2009 година, земјите-членки се согласија дека „градењето на основа на солидарноста и допуштањето на системот за социјална заштита целосно да ја извршува својата задача како автоматски стабилизатор, се клуч за обновување и јакнење на довербата и помагаат во изградбата на патот кон закрепнување“.[5]

Денес, сиромаштвото директно ги погодува најмалку 84 милиони луѓе во ЕУ. Економското превирање создава повеќе невработеност и го зголемува бројот на луѓето во ризик од сиромаштија. Шемите за минимални примања поставени над прагот на сиромаштија и на ниво што овозможува пристоен живот, значајно би влијаеле на бројот на луѓето кои се во ризик од сиромаштија. Сега е време да обезбедиме шемите за минимални примања да бидат присутни во сите земји-членки на ниво што им овозможува на луѓето достоинствен живот и учество во општеството.

1. Види во Council Recomendation 92/441/CCE од 24 јуни 1992, за заедничкиот критериум во врска со доволните средства и социјалната помош во системите на социјална заштита на: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:31992H0441:EN:HTML
2. Види ја реакцијата на EAPN кон Препораката за активна вклученост од Комисијата на http://www.eapn.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=548:report-of-eapn-seminar-on-active-inclusion-13-june-2008-paris&catid=42:eapn-policy-papers&Itemid=82&lang=en
3. Во склоп на активностите на EU Social Open Method of Coordination, мрежата на независни експерти за социјална вклученост, секоја година доставува извештај за секоја земја и целосен извештај. Види ги извештаите на националните експерти и целосниот извештај Minimum Income Shemes Across EU Member States, Synthesis Report by Hugh Frazer and Eric Marlier, октомври 2009 на веб-страницата на Social Inclusion Peer Review: www.peer-review-social-inclusion.eu/network-of-independent-experts/2009/minimum-income-schemes
4. Види Communication from the European Commission. A European Economic Recovery Plan, ноември 2008 на: http://ec.europa.eu/economy finance/publications/publication13504 en.pdf
5. Види ги заклучоците на Европскиот совет за март 2009 на www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/ec/106809.pdf и реакцијата на EAPN во врска со заклучоците на пролетниот совет на: http://eapn.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=834%3Apress-release-spring-council-fails-to-give-an-integrated-social-responce-to-the-crisis&catid=7%3Apress-releases&Itemid=100002&lang=en

## Што ќе ви каже оваа книшка?

Примерено примање може да произлезе од различни извори: плата, пензија, социјални бенефиции и др. EAPN го брани правото на примерено минимално примање за достоен живот во текот на целиот животен век, вклучувајќи пристојни плати и примерени пензии. Сепак, книшкава првенствено сака да понуди вовед по прашањето на примереноста на минималните примања од социјалната помош, а не од другите извори и патем го спомнува прашањето на платите и пензиите.

Ние се обидуваме да одговориме на следниве главни прашања:

- *Што значи примереноста? Како се пресметува примереноста? (Поглавје 1)*
- *Колку примерени се нивоата на минимални примања за луѓето што се соочуваат со сиромаштија во стварноста? (Поглавје 2)*
- *Постојат ли примери на подобра пракса во пресметувањето примереност? Кои се нивните силни и слаби страни? (Поглавје 3)*
- *Кој е патот кон напредокот во креирањето политики? (Поглавје 4)*
- *Како се третира примереноста во националните системи на социјална заштита? (Поглавје 5)*

Очигледно, примереноста на нивото на примање е многу поврзана со пристапноста до клучните услуги на теренот. Релативно високо ниво на минимално примање може да се покаже недоволно во услови на скапи основни услуги. Наспроти тоа, пристапноста на основните услуги ја зголемува куповната моќ на шемите со ниско ниво на минимални примања. Иако оваа книшка не може во детали да го тематизира прашањето на пристапноста на услугите, ќе ги спомнеме начините на проценка за конкретната куповна моќ со минималните примања во дадени национални контексти, што обично зависи од пристапноста и квалитетот на услугите.









# ЗА ШТО ЗБОРУВАМЕ? ДЕФИНИЦИИ, ПРАВНА ОСНОВА И СТВАРНОСТ

## 1.1. Дефиниции

### *Минимално примање*

Поголемиот број земји-членки имаат **шеми** за минимално примање. Овие се основни „сигурносни мрежи" што вообичаено **не потекнуваат од придонеси (т.е. не се потпираат на придонеси од платите на луѓето), шеми за социјална помош за проверени корисници** што треба да гарантираат примања за луѓе кои не можат да сметаат на ниеден друг извор на примање. Овие шеми на последна надеж значат живот за најсиромашните во Европа. Тие би требало да се на доволно високо ниво за да дозволат повеќе од „голо преживување" и би требало да овозможат учество во општеството и да бидат основа за стабилен живот.

Шемите за минимално примање се разликуваат од оние шеми на земјите во благосостојба кои се базирани на придонеси, како што се пензиските шеми и бенефициите за невработеност каде што финансиските придонеси се изведени од работодавците и вработените кога работат. Во некои случаи луѓето можат да имаат корист од поддршката со минимално примање што доаѓа од различни насоки на помош и социјални бенефиции (на пример, во Франција 'revenu de Solidarité active' е дополнителна помош: таа се додава на други извори на примања за да се осигура дека луѓето ќе го достигнат минималниот праг).

Во моментов не постои прецизна заедничка дефиниција за минимално примање на сите земји-членки. Исто така, во зависност од земјата, овие шеми се именуваат различно. Ова се гледа по разновидноста на националните системи и политики на социјална заштита. Интернационалните и ЕУ-инструментите се однесуваат само на општите принципи (види подолу) и ги користат двете фрази „помошно примање" и „ресурси и бенефиции"; ова ја отсликува тешкотијата на создавање еден заеднички пристап на ниво на ЕУ.

**Забелешка:** Минималното примање не треба да се побрка со **минималната плата** што е минимално ниво на приход одредено со закон или со колективен договор.

Исто така се разликува од идејата за „основно примање", промовирана од некои истражувачи што е примање доделено на сите, и тоа на индивидуално ниво, независно од примањата што потекнуваат од други извори, без услови за работа. Во денешниов свет, единствен конкретен пример за вистинско основно примање е шемата на Аљаска за годишни дивиденди од нафтата.[6]

6. За повеќе информации во врска со „основното примање" види ја веб-страницата на Basic Income Earth Network: www.basicincome.org/bien/aboutbien.html



## *Примереност*

Сфаќањето на примереноста на минималното примање, како што се разбира и се користи на ниво на ЕУ, е дефинирано во интернационалните и правните инструменти на ЕУ.

Препораките на ЕУ-комисијата прифатени во октомври 2008 година тврдат дека „поддршката во вид на примерено примање" треба да биде **„доволна за да се живее живот во согласност со човечкото достоинство."**

Оваа препорака исто така го потврдува поимот од препораките прифатени од Советот на ЕУ во 1992 година, на кои се повикува.

**Клучна правна основа: Препорака на Советот од 1992 година**

Главното спомнување во ЕУ е Препораката на Советот 92/441/EEC[7] „за заедничкиот критериум за доволните средства и социјалната помош во системите на социјалната заштита", издадена кон крајот на транснационалната програма за размена - Сиромаштија III. Оваа препорака ги повикува земјите-членки (ЗЧ) да го препознаат *„фундаменталното право на доволни и сигурни средства и бенефиции и да ги приспособат своите системи на социјална заштита во согласност со тоа"*, според следните заеднички принципи, од кои првиот е дека ова право се темели на **почитта кон човечкото достоинство.**

Препораката продолжува во детали да разложува како земјите-членки треба да обезбедат примереност на овие средства:

*„- износот на средствата доволни да ги покријат основните потреби е договорена во согласност со* **животниот стандард** *и* **нивото на цените** *за различни видови и големини на домаќинства."*

*Дополнителни износи можат да се договорат за да се покријат* **специфичните потреби**.

Иако претставува силен поттик кон развојот на шеми за минимални примања на национално ниво, оваа препорака ја препушта имплементацијата на самите земји-членки, и тоа според принципот на надлежност кој во моментов се применува на темата „Социјална заштита на ниво на ЕУ".

Оваа обврска од 1992 година беше повторно потврдена преку „Препораката на Комисијата" усвоена на 17 октомври 2008 година и одобрена од Советот на ЕПСЦО[8] во декември 2008[9], барајќи од земјите-членки да ги *„разгледаат своите системи на заштита, ако е потребно, во рамки на заедничките принципи спомнати во параграф Б на Препораката 92/441/EEC".* Препораката од 1992 е клучен елемент во правниот контекст што се одликува со серија други интернационални договори, а во корист на имплементацијата на ова темелно право.

7. Види ја препораката на Советот од1992 на: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:31992H0441:EN:HTML

8. Employment, Social Policy, Health and Consumer Affairs Council.

9. Види ги заклучоците на Советот од 17 декември 2008 година на: www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_Data/docs/pressdata/en/lsa/104818.pdf

## *Правна рамка: Што велат интерналните договори за примереното минимално примање?*

Многу други интернационални и европски обврски го препознаваат правото на сите на минимално примање, доволно да го унапреди пристојниот животен стандард, како предмет на почит кон човечкото достоинство и како начин да се бори против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Обединети нации: Универзалната декларација за човековите права од 1948 година, повторно е потврдена на Светската конференција за човекови права од 1993 година и Интернационалниот пакт за економија, социјални и културни права – член 25 тврди дека *„Секој има право на* **животен стандард примерен** *за неговото здравје и здравјето на неговата фамилија, вклучувајќи храна, облека, здомување и медицинска грижа.“*

**Европската социјална повелба на Советот на Европа** (ревидирана верзија, 1996 година): член 13 тврди дека *„секој кој е без примерени средства има право на социјална и медицинска помош.“*

**Заедничката повелба за темелните права на работникот** (1989 година) во параграф 10 пропишува дека *„лица кои се оневозможени да бидат или повторно да се вратат на пазарот на трудот и немаат средства за издржување мора да бидат во можност да примаат* **доволно средства и социјална помош**.“

**Повелбата на ЕУ за темелните права** (2000 година) во член 1 тврди дека *„човечкото достоинство е неприкосновено. Тоа мора да биде заштитено и почитувано.“* Член 34, став 3 пропишува дека *„за да се бори против социјалната исклученост и сиромаштвото, заедницата го препознава и го почитува правото на социјална и станбена помош, за да може да се осигура* **пристојна егзистенција** *за сите оние на кои им фалат* **доволни средства.**“

Повелбата за темелните права во ЕУ[10] е сега правно обврзувачка, како дел од новата Реформска спогодба, одобрена од сите земји-членки и е на сила од 1 декември 2009 година.




10. Види повеќе информации за Повелбата за темелни права на ЕУ на веб-страницата на Европскиот парламент: www.europarl.europa.eu/charter/default_en.htm



## 1.2. Пристап кон примереноста на организациите што се борат против сиромаштијата

Иако интернационалните и правните дефиниции на ЕУ се значајни теоретски референтни точки, нивната конкретна реализација е оставена за националното и за локалното ниво. Колку се тие ефективни на теренот?

Заедничкиот извештај од 2009 година за шемите на минимални примања на територијата на ЕУ поднесен од Мрежата на национални независни експерти за социјална вклученост на ЕУ (Извештај на националните експерти 2009)[11] ја потенцира *„стварноста дека повеќето земји-членки, во нивниот национален и регионален контекст, не го истакнуваат прашањето на примереност и немаат дефинирано што би требало да биде примерено минимално примање за да се обезбеди правото на лицата на достоинствен живот."*

Некои научници и активисти во борбата против сиромаштија дадоа предлози како да се дефинира и поконкретно да се реализира примереноста.

Прашањето на примереност на примањата посебно се проучува во англо-саксонските истражувања. Џон Веил-Вилсон потенцира дека *„помошта со примереното примање не може да се проценува апстрактно, туку може да се сфати само конкретно."* Тој предлага да се користат следниве **четири прашања:**[12]

- **Примерено за што?**
- **Примерено за кого?**
- **Примерено за колку време?**
- **Кој вели дека е примерено?**

**Трансанционалниот проект „Кон иницијативата на ЕУ за социјалните стандарди"**[13] ги обедини истражувачите, невладините организации, вклучувајќи ја и EAPN, како и јавни личности во период од две години и работеше на минималното примање како можно подрачје за воспоставување минимални стандарди на ниво на ЕУ. Проектот ја подвлече важноста за повеќедимензионалност на сиромаштијата и ги спомна различните сфаќања на примереноста што треба да се земат предвид:

– од аспект на примањето (колку е доволно?);
– од аспект на опфатеноста на населението и пристапноста на различните постоечки шеми;
– од аспект на политичкото решение предложено да се справува со проблемот;
– од аспект на примереноста на понудените услуги.

Навистина, сите спомнати димензии се клуч за пристапување кон стварноста на примерената помош дадена на најранливите. Имено, пристапноста – посебно достапноста и квалитетот на **услугите од општ интерес**, вклучувајќи социјални услуги, транспорт, енергија, услуги за вработување во јавните служби, финансиски услуги итн. директно влијаат на конкретната куповна моќ и квалитетот на животот на погодените луѓе.

11. www.peer-review-social-inclusion.eu/network-of-independent-experts/2009/minimum-income-schemes
12. John Veil Wilson in **Why money matters: family income, poverty and children's lives / edited by Jason Srelitz and Ruth Lister,** London : Save the Children, 2008.
13. *"Making a decisive impact on the eradication of poverty, Towards an EU initiative on social standards"*, Report from the transnational project, 2007. www.eapn.ie/eapn/wp-content/uploads/2010/01/setting-minimum-standards-french.pdf

# РЕАЛНОСТА НА (НЕ) ПРИМЕРЕНОСТА

## 2.1. Што велат луѓето?

Стварноста не им одоговара на критериумите на примереност поставени во Препораките од 1992 година. Она што погодените луѓе го знаат и она што го покажуваат статистичките податоци и истражувања, е дека поголемиот дел од минималните примања се сосема непримерени да ги задоволат овие критериуми. Тие не овозможуваат пристап до дом, здрава храна, соодветно греење, квалитетна здравствена грижа ниту учество во оптшествениот и културниот живот. Луѓето кои мора да се потпрат на овие шеми се соочуваат со тешкотии во многу или во сите овие аспекти од нивниот живот.

Следниве цитати даваат краток преглед на стварниот живот на луѓето кои живеат од минимално примање.[14]

**Минималното примање не ја отвора вратата кон достоинствен живот:**

*"„Минималното примање ви дозволува да преживеете, не да живеете.“*

*„Не можам да бидам друштвен. Мојата самодоверба е уништена бидејќи секој ден морам да се грижам за следниот ден.“* [15]

*„Се почувствував посрамено поради примањето бенефиции во вид на гарантирано минимално примање. Секогаш сум имал желба да работам и сум сакал да се чувствувам корисно.“*

**Минималното примање не е доволно дури ни да ги покрие основните потреби:**

*„Можам да си дозволам само евтина храна. Прескапи се овошјето и зеленчукот за да ги нахранам децата, односно здравата храна е прескапа за мене.“*

*„Само со минимално примање не можеш да ја платиш киријата.“*

*„Гледаме како се покачуваат цените на храната, на електричната енергија, има општи поскапувања на трошоците за живот, но нема значителни приспособувања во социјалните бенефиции или пензиите.“*

*„Живеењето со минимално примање е полошо од опстанокот. Ако не замолиш за пари од оние околу тебе, не можеш да избуткаш до крајот на месецот.“*

**Минималното примање не ја спречува сиромаштијата:**

*„Добрата работа во врска со шемите за минимално примање е дека постојат, но тоа не ја решава сиромаштијата.*

14. Освен ако не се спомнати други извори, овие цитати доаѓаат од припремните работи и размените за време на состаноците на луѓето кои живеат во сиромаштија.Состаноците на луѓето кои живеат во сиромаштија се организираат од 2001 година под претседателство на ЕУ, со поддршка на EAPN. Тие собираат луѓе од сите земји на ЕУ, кои ги изразуваат своите грижи и барања на свој мајчин јазик. Состанокот од 2008 се фокусираше на минималното примање како еден од столбовите во борбата против сиромаштијата. Види информации на http://www.eapn.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=600%3Athe-european-meetings-of-people-experiencing-poverty-a-process-going-forward&catid=16&Itemid=14&lang=en

15. "Voices from the poverty line: jobs and unemployment in the EU', EAPN, 2006. Види: http://www.eapn.eu/index.php?option=comcontent&view=article&id=127:-eapn-book-voices-from-the-poverty-line-jobs-and-unemployment-in-the-eu&catid=40:eapn-books&Itemid=84&lang=en



*Некои го имаат изгубено правото на примање бидејќи не ги задоволиле пропишаните услови, како што е барање работа: „Се чувствував ужасно. Бев во тотален шок. Немав ништо заштедено и бенефициите беа мој единствен приход. Немав пари за храна или греење.“* [16]

## 2.2. Факти

### *Повеќето шеми за минимално примање не ги извлекуваат луѓето од сиромаштија*

Шемите за минимално примање многу варираат од една земја-членка до друга. Нивното ниво на дарежливост е првата варијабла.[17] Но во сите земји-членки, нивоата не ги извлекуваат луѓето од сиромаштија.

Во ЕУ, луѓето кои имаат под 60% просечни приходи се сметаат за сиромашни или „во ризик од сиромаштија“.[18] Работен документ на Комисијата издаден 2008 година[19] ги споредува нето-примањата на домаќинствата без вработени потпирајќи се исклучиво на бенефиции од социјалната помош и станбени бенефиции до нивото на официјалната црта на сиромаштија (т.е. 60% од просечниот приход по домаќинство).

**Оваа споредба покажува дека само неколку земји им овозможуваат минимално примање и сродни бенефиции на домаќинствата без вработени, доволни за да ги издигнат блиску или над прагот од 60% од просечниот приход (т.е. прагот на сиромаштија), и тоа само за некои типови семејства (види ја табелата 1 во Додатокот 1).**

*„Минималното примање е често под прагот на сиромаштвото.“*

**Висината на минималните примања не се темели на потребите на луѓето, туку на произволни критериуми:**

*„Бенифициите на минимално примање премногу варираат – тие се како поштенска лотарија.“*

*„Фактот дека се одлучува дали си пристојно нахранет или не, според тоа во која населба живееш, се само уште еден фактор со кој се чувствува неправда, отфрлање и социјална исклученост.“*

**Некои дури не добиваат никакви примања:**

*„Млади луѓе од 18 до 25 години немаат право на ништо.“*

*„Младите луѓе треба да хибернираат додека да наполнат 25 години!“*

*„Странците, дури и со виза, се соочуваат со големи тешкотии при барањето минимално примање.“*

16. Idem 15.

17. Види *Trends, Recent Developments, Active Inclusion and Minimum Resources, Synthesis report of the independent review based on national reports from independent experts,* first semester 2006, at: www.peer-review-social-inclusion.eu/network-of-independent-experts/2006/first-semester-2006

18. Просечниот приход на домаќинствата ги дели домаќинствата во два еднакви дела, од кои првата половина домаќинства заработуваат помалку од просечниот приход на домаќинствата, додека другата половина заработува повеќе од тоа. Види повеќе објаснувања во EAPN Explainer on poverty на: http://www.eapn.eu/index.php?option=comcontent&view=article&id=33&Itemid=52&lang=en

19. Види го работниот документ на вработените на Комисијата: Monitoring progress towards the objectives of the European Strategy for Social Protec-tion and Social Inclusion, October 2008, стр. 53 на: http://ec.europa.eu/employment_social/spsi/docs/social_inclusion/2008/omc_monitoring_en.pdf

Овој документ покажува дека:

- *самохрани родители можат да добијат бенефиции на социјална помош и сродни бенефиции (на пр. станбени бенефиции) на прагот или над прагот на сиромаштија само во Латвија, Германија, Данска, Обединетото Кралство, Ирска и Холандија;*[20]
- *во сите земји, со исклучок на Латвија, Германија, Обединетото Кралство и Ирска, пар со две деца кои се потпираат на бенефиции од социјалната помош би имале еднократно примање под прагот на сиромаштија;*
- *во Словачка, Малта, Естонија и Шпанија, сите три типови семејства се во можност да искусат длабоко сиромаштво со приходи-надвор-од-работата под 60% од границата на сиромаштија;*
- *трите типови семејства добиваат најмалку 60% од цртата на просечниот приход (т.е. 100% од прагот на сиромаштија) само во две земји (Обединетото Кралство и Ирска);*
- *самците добиваат помалку од 60% на прагот на сиромаштија, и тоа во 7 земји (Литванија, Словачка, Португалија, Малта, Естонија, Унгарија и Шпанија) и најмалку 60% од цртата на просечниот приход во само 6 земји на ЕУ (Финска, Шведска, Данска, Обединетото Кралство, Ирска, Холандија).*[20]

Овие заклучоци се базирани на една симулација на минималната сигурносна мрежа обезбедена за бездомните домаќинства, користејќи го ОЕЦД методот на даночни олеснувања. Затоа тие ја одразуваат теоретската ситуација. Во стварноста, социјалните примања што луѓето ги добиваат се забележливо пониски.

Вистина е дека социјалната заштита во најмала мерка ја ублажува сиромаштијата: кога не би постоел социјален пренос на средства, просечниот ризик од сиромаштија за земјите-членки на ЕУ би бил 26%, наспроти 16% по добивањето владини средства. Но тоа сè уште не е доволно: повеќе од 84 милиони луѓе во ЕУ се оставени под цртата на сиромаштвото.

Проценката од Заедничкиот извештај на националните експерти,[21] направена 2009 година, е дека **„во повеќето земји шемите за минимално примање не успеваат на сите луѓе да им дозволат достоинствен живот и голем број се многу скратени.“**
**Овие фигури на сиромаштвото опфаќаат различни стварности:**

Чистото живеење на прагот на сиромаштијата не подразбира ист стандард на живеење во секоја земја-членка на ЕУ. Националните прагови на оние во ризик од сиромаштија се исто така изразени од страна на Eurostat во **’Purchasing Power Parties’ (PPP)**. PPP се стапки на променлива валута што ги менува економските индикатори кои се изразени во националните валути, а во заедничка валута ги зема предвид разликите во нивото на цени и така овозможува споредби. Тоа значи кога се споредуваат националните прагови на ризик од сиромаштија изразени во PPP, може всушност да се спореди стварната куповна моќ на луѓето кои живеат на прагот на сиромаштија надвор од границата на државата. Праговите на ризик од сиромаштија изразени во PPP се движат во ЕУ од 1765 на година во Романија до 17575 на година во Луксембург. **Ова значи дека во стварноста, стандардот на луѓето кои живеат на 60% просечен приход (во ризик од живот во сиромаштија) во Луксембург е околу десетпати повеќе од оној на луѓето во ризик од сиромаштија во Романија.** (Сепак, сиромаштијата не е само во врска со материјалните лишувања, туку е поврзана со можноста да се учествува во општеството во кое живееме (види ја EAPN книшката за појаснување на сиромаштијата[22])).

20. Idem 3.

21. Idem 3.

22. http://www.eapn.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=33&Itemid=52&lang=en

## *Како се пресметуваат и се ревидираат износите во шемите за минимално примање?*

### *Како се пресметуваат износите на минимално примање?*

Во 2006, експертски извештај нарачан од Европската комисија[23] ги истакна различните филозофии што ги поддржуваат спогодбите за доделување минимални примања на национално ниво. Извештајот направи разграничување помеѓу земјите-членки, како што е **Шведска** со цел да се вклучи целата популација во еден општ систем на благосостојба и како Данска која има доста фокусиран пристап, насочувајќи се на специфични маргинализирани групи.



Тие, исто така, го истакнаа влијанието на видовите семејни политики применети на национално ниво.

Во повеќето земји-членки, износот на минималното примање е фиксен и е одреден **централно од националните влади.** Во некои земји-членки, одредбите се фиксни на поднационално ниво: на ниво на автономни региони како, на пример, во Шпанија и во Италија. Во овој случај, регионалните разлики можат да бидат големи: како што е пример во Шпанија, каде што нивото на минималното примање се движи од 285 до 585 евра во 2007.[24] Во **Шведска**, минималното примање е поделено помеѓу националните и регионалните власти за различни елементи: на пример, за некои работи износот е одреден годишно на национално ниво, за други се бара општините да ги платат стварните животни трошоци (на пример станбените трошоци), ако се сметаат дека се во границите на „разумното". За Заедничкиот извештај на националните експерти од 2009, *„недостасува јасна основа за воспоставување минимално примање и недоследност во износите исплатени на различни категории без некоја логична причина."*

Во некои земји-членки износот на минимално примање е фиксен **во однос на приходите што произлегуваат од вработувањето** (Данска, Луксембург, Малта и Холандија).

Во **Луксембург**, минималното примање е фиксно во однос на **минималната плата** и **минималната пензија**, а во Малта во однос на минималната плата. Во Данска, тоа е фиксно во однос на 80% од максималниот **додаток за невработеност** за родители со деца, со 60% од овој максимум за луѓе без деца.

**Само неколку земји-членки го фиксираат износот на гарантирано примање во однос на тоа што сметаат дека се стварни потреби на луѓето или што е примерено за целосно учество во општеството.**

23. Idem 17.

24. Шпански експертски извештај за минималното примање на веб-страницата на Network of Independent Experts, достапен на: www.peer-review-social-inclusion.eu/network-of-independent-experts/2009/minimum-income-schemes

Во **Литванија**, гарантираниот минимум е базиран на цената на куповната кошара, за која постои согласност. На **Кипар**, тој е базиран на истражувањето користејќи статистички показатели од претходното истражување на семејниот буџет. Во **Германија**, помошта во насока на животните трошоци (Hilfe zum Lebensunterhalt) вклучува храна, сместување, облека, лична хигиена, апарати за домаќинство, греење и лични потреби за секојдневниот живот. Севкупната потреба за нужни средства за издржување се доделува во вид на стандардни стапки (Regelsätze) и целосно ги опфаќа трошоците за сместување и греење. Постојат додатни бенефиции во случаи на посебни потреби.[25]

Вообичаено, нивото зависи од **политичките цели на владата**. На пример, од тоа колку владите сакаат да го држат нивото ниско за да ги „поттикнат“ луѓето да прифатат каква било работа.

Заедничкиот извештај на националните експерти од 2009 исто така спомнува дека еден од најјаките трендови во земјите-членки е да се поврзе исплатата на примања со поддршката за вработување и мерките за активност, како и дека постои *„тенденција во многу земји да се зголемат условите и да се воведат рестрикции за пристап до социјалните бенефиции и услуги“*. Навистина, „Make Work Pay“ беше доминантна парадигма во развојот на политиките за вработување во последните години. Оваа тенденција водеше до резови на бенефициите за социјала и вработување кои беа исплатени на невработените или неактивните луѓе, со цел да биде интензивиран поттикот за работа. Членовите на EAPN постојано го потенцираа негативното влијание на овие „Make Work Pay“ политики на невработените. Се смета дека владите се обидуваат да ги инструментализираат бенефициите за да ги притиснат луѓето да прифатат каква било работа, со цел да го зголемат процентот на вработени и да го намалат бројот на луѓето кои примаат бенефиции. Во овој политички контекст, санкциите на бенефициите се често користени против луѓето. На пример, бенефициите можат да бидат намалени или укинати.

## *Како се ревидираат нивоата на минимално примање?*

Националните пристапи многу се разликуваат еден од друг.

Во голем број земји-членки износот на гарантираниот минимум е ревидиран секоја година, во согласност со графиконот на цени.[26]

- **Само во две земји усогласувањето со нивото на цените е автоматско** и не е оставено на одлука на владата (Белгија и Луксембург).
- Во другите земји износот е врзан за нивото на пензиите или платите.
- Во некои земји-членки износот е јасно приспособен кон постоечкиот буџет (Бугарија, Латвија).
- Во Шпанија, ажурирањето на износот е одлучено од страна на регионалните влади. Во некои региони, како Каталонија, се договара со синдикатите.

25. Извор: веб-страница на MISSOC: Comparative table on social protection, достапно на: http://ec.europa.eu/employment_social/missoc/db/public/compareTables.do

26. Idem.

**Стварноста како што ја доживуваат погодените луѓе е дека нивоата на минимални примања, кои и така се под цртата на сиромаштвото, не ги следат големите покачувања на цените на основните потреби, како што се здомувањето, храната и енергијата во последните години, а со тоа намалувајќи ја уште повеќе нивната куповна моќ.**

Во **Латвија**, кириите се покачиле за 23,4% во периодот помеѓу последниот квартал на 2007 и 2008, а цените на греење за 31,6%[27] во 2008 година. Цената на струјата во многу земји се покачила значително (Италија, Белгија, Бугарија, Малта и др.) што некои земји-членки се обидуваат да го надоместат овој товар: во Малта, на пример, најсиромашните луѓе се субвенционираат од страна на владата за да можат да си ги платат сметките.

*Уште поголем е притисокот врз минималното примање поради моменталната економска криза.*

Во сегашнава криза, два спротивставени тренда влијаат на минималното примање. Од една страна, неколку земји-членки преземаат акции да ја задржат социјалната кохезија и да ги заштитат најранливите, вклучувајќи зголемување на минималното примање и опфатеноста. Од друга страна, како што е илустрирано во извештајот на EAPN за социјалните последици на кризата[28], постои обновен притисок за намалување на шемите за минимално примање, нивните прифатливи критериуми или опфатеност[29] во контекст на растечкиот јавен дефицит.

**Белгија** го зголеми опфатот на социјалните бенефиции за 2 %. Меѓутоа, владата не се согласи да го зголеми минималното примање над прагот на сиромаштија, како што е побарано од страна на локалните јавни социјални служби (C.P.A.S.), заедно со активистите за борба против сиромаштијата.

**Романија** го зголеми нивото на минималното примање за 15% од јули 2009, но тоа е сè уште далеку од она што е потребно.

**Бугарија** го зголеми нивото на минималното примање и на бенефициите за семјствата.

**Австриските** членови на EAPN ја изразија својата загриженост во врска со нивото на бенефиции, бидејќи бенефициите за невработеност се на ниско ниво и не се ажурирани.

Во **Шпанија**, членовите ги истакнуваат *„големите регионални разлики и недоследната примена што го поткопува минималното примање како социјално право, каде што локалните власти влечат долг од 30. 000 милиони евра и бараат намалувања"*. Истовремено, тие спомнуваат дека шпанската влада неодамна воспоставила фиксна бенифиција, а некои невработени можеле да ја добијат под одредени услови откако ги исцрпиле своите права за бенефиции како невработени.[30]

Извештајот за кризата на SPC/Комисијата вели дека „некои планови за закрепнување јасно ја одредуваат зголемената потрошувачка во некои подрачја за да биде урамнотежена со резови во други подрачја или дека севкупната потрошувачка ќе биде намалена во целина (на пр. IE)."[31]

27 Извор: Updated assessment by the SPC and the European Commission of the Social impact of the economic crisis and the policy responses, May 2009, достапни на: http://ec.europa.eu/social/keyDocuments.jsp?type=0&policyArea=750&subCategory=758&country=0&year=0&advSearchKey=&mode=advancedSubmit&langId=en

28. EAPN Synthesis report on the social impact of the crisis, December 2009, достапно на: http://www.eapn.eu/indexphp?option=comcontent&view=article&id=1294%3Aeapns-report-on-the-social-impact-of-the-crisis-and-of-the-recovery-package&catid=42%3Aeapn-policy-papers&Itemid=82&lang=en

29. *Building Security, Giving Hope, EAPN assessment of the National Strategic Reports on Social Protection and Social Inclusion 2008-2010, достапно на: http://www.eapn.eu/index.php?option=comcontent&view=article&id=676:building-security-giving-hope-eapn-assessment-of-the-national-strategic-reports-on-social-protection-and-social-inclusion-2008-10&catid=42:eapn-policy-papers&Itemid=82&lang=en*

30. Idem 27 се однесува на податоците за сите 5 земји

31. Idem 27.

## *Непреземање и недоволна заштита*




Не само што се недоволни износите на постоечките минимални примања туку и значаен дел од населението не може успешно ни да пристапи до овие гарантирани минимални примања.

**Поимот на „непреземање“ обично се користи за да се опише фактот дека луѓето не ги бараат бенефициите за кои имаат право.** Неколку причини можат да го објаснат ова отсуство на преземање:

- *Повеќето од системите за социјална помош се многу комплексни, а луѓето или не се доволно информирани или немаат советодавна поддршка за да ги побаруваат своите бенефиции.*
- *Сѐ уште се врзува голема стигма за оние кои примаат бенефиции, без да придонесуваат, а луѓето се означуваат како „питачи“. Затоа многу луѓе не сакаат да ги бараат овие бенефиции.*
- *Во некои случаи, како во Австрија, може да се бара поврат на социјалната помош кога корисникот ќе се врати на работа.*

Едно истражување[32] издадено од OECD, во 2004 укажува на тоа дека стапките на преземање, главно, варираат помеѓу 40% и 80% во случаите на социјална помош и програмите на здомување: ова значи дека на секои десет луѓе кои имаат право на овие бенефиции, од **4 до 8 ги остваруваат овие права.**

Заедничкиот извештај на независните експерти за имплементација на стратегијата за социјално вклучување од 2006[33] потенцира дека *„во некои случаи комплексноста на системот се појавува како специфичен проблем бидејќи се случува подобните баратели да не ги добијат бенефициите на кои имаат право, одвратени од комплексноста.“*

Претпоставката за непреземање во последно време се оспорува бидејќи се концентрира само на индивидуални психолошки фактори, додека луѓето често се оневозможени во барањето на своите права од пошироки социјални и институционални препреки.

Едно истражување од 2004[34] од И. Никез и С. Хронез го употребува концептот на „недоволна заштита“ за да го означи неуспехот на системот да овозможи универзално минимално примање. Со ова истражување се заклучило дека *„стапката на недоволна заштита била*

32. *Take up of welfare benefits in OECD countries: A review of the evidence.* OECD Social employment and Migration paper”, available at: www.oecd.org/dataoecd/60/30/30901173.pdf

33. Idem 17.

34. *The big holes in the net, structural gaps in social protection systems and guaranteed minimum income systems in 13 EU countries*, Ides Nicaise and Steven Groenez (HIVA, K.U. Leuven), April 2004. See list of publications from Ides Nicaise at https://perswww.kuleuven.be/~u0014508/hoofdpaginas/publistw.htm

*неверојатно висока: на годишно ниво, помеѓу 2 и 13 проценти од населението во еден момент живееле со помалку од националното (гарантирано) минимално примање.“* Истражувањето било темелено на податоци од 1993 до 1997 во „старите“ ЕУ-земји. Без оглед што податоците не се најнови, заклучоците на истражувањето се во согласност со она што редовно го кажуваат членовите на EAPN. Истражувањето ги истакнува причините - зошто шемите на минимално примање не успеваат да функционираат како апсолутна долна граница: правила за подобност, административни пречки, грешка во пресметката на износите, санкции и суспензии, презадолженост итн. Во некои случаи шемите можат *„да обезбедат износи пониски од оние пропишани од законот, кога одредбите не се применуваат целосно или кога дел од бенефициите се задржани, на пример, за враќање долгови.“*

Во последниве години бенефициите беа инструментализирани со цел да се изврши притисок на луѓето за да прифатат работни места. Се спроведуваа санкции на бенефициите. Анализата изведена од Mutual Information System on Social Protection Secretariat во 2008[35] го истакна негативното влијание на некои од овие „Make Work Pay“ политики во однос на *„целта на шемите за да обезбеди примерено ниво на приход за сите“*. Како што кажа еден француски член на EAPN: *„правото на минимално примање треба да биде безусловно бидејќи е минимум за преживување.* **Не може да се санкционираат луѓе кои живеат со 440 евра месечно!“**[36]




Во извештајот од 2009 година, за многу од независните национални експерти *„е јасно дека непреземањето, иако недоволно документирано, е голем проблем што бара итно разгледување“* затоа што проблемот ги погодува поголемиот број земји.

Едно истражување во Белгија, во периодот од 1993 до 1997, покажало дека е многу поголем односот на поединците каде сигурносната мрежа не ги спасила (3,9%) отколку односот на оние поединци кои ги спасила (1,2%).

Во Финска, врз база на податоците добиени од 2005 година, било проценето дека само половина од подобното население навистина ја земало социјалната помош.

Австрискиот експерт забележува дека „стапката на непреземање се покажува како суштинска“.

За германскиот експерт „проценетиот број непријавени случаи се движи помеѓу 25 и 40 проценти“.

Во Португалија, стапката на преземање на шемата SSI се движи од 70 до 75%.

*Извадоци од Заедничкиот извештај на независните национални експерти од 2009 година.*[37]

Експертите, исто така, истакнуваат дека ризикот од непреземање е поголем кај некои групи. На пример, во Белгија, тој ризик е поголем кај жените, паровите, поединците со образование под вториот степен од средно училиште и со старост од 16 до 24 години. Во Австрија, ризикот од непреземање може значајно да варира по региони.

35. „Some benefits schemes which provide minimum income protection drive beneficiaries to take up any job offer, whether suita-ble or not, and lower even withdraw benefits when they refuse. Experience shows that this may lead to situation where a signifi-cant share of those targeted by such schemes may not actually benefit from them, either because they cannot claim their enti-tlement so long as they do not accept work or because the income support provided becomes insufficient to participate fully in society due to sanctions reducing its level for a certain period of time“. In Missoc analysis 2008: social protection, aspect of flexi-curity and active inclusion, достапно на: http://ec.europa.eu/employmentsocial/missoc/2008/missoc2008analysisen.pdf

36. Idem 28.

37. Види: http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=756&langId=en

# ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИМЕРЕНОСТА

**Идејата за реализирање примерено минимално примање за сите често наидува на голем скептицизам. Луѓето не веруваат дека е возможно да се пресмета и да се изнајде согласност за тоа што е навистина потребно за пристоен живот, посебно на ниво на ЕУ, во различни земји-членки.**

На ниво на ЕУ не постои метод кој може да измери кое ниво на примање е потребно за достоинствен живот. Земајќи ја предвид неспособноста на сегашниот систем за социјална заштита да одговори на опстојувањето на сиромаштијата, истражувачите, активистите, самите луѓе кои живеат во сиромаштија и некои оддели на јавната администрација истражуваат поинакви методи за пресметување на примереноста, како и за нужните инструменти на национално и на ниво на ЕУ. Тие се обидуваат да одредат што во стварни рамки значи пристојно ниво на живеење, земајќи ги предвид основните потреби во нашето општество и колку чинат тие.

Некои пристапи што поттикнуваат на размислување се презентирани подолу, истакнувајќи ги нивните предности и недостатоци.

## 3.1. Показатели на материјалната немаштија: статистички пристап на ЕУ кон непримерениот начин на живот

Моменталниот ЕУ збир на показатели за кои постои согласност, како дел од отворениот метод на координација[38] (ОМС) во врска со социјалната вклученост и заштита (т.н. „Laeken“ показатели), не допуштаат вистинско разбирање или споредување на конкретните ситуации на луѓето кои живеат во сиромаштија. Во 2007 година, група експерти за социјални политики повикаа на следново истражување:

- *„што навистина може да консумира едно семејство во секоја земја поединечно, кога живее со 60% од прагот на сиромаштвото?“*
- *„каков е односот во секоја земја помеѓу прагот од 60% и минималното примање, и до која мерка луѓето кои паѓаат под цртата на сиромаштво се навистина на гарантираното минимално примање?.“* [39]

Во 2009 година, првото подобрување е вметнато во збирот на показатели: се усогласиле два нови показатели за да го надополнат збирот на показатели користени од социјалното ОМС, тежнеејќи кон набљудување на **материјалната немаштија.** Иако овие показатели не се специфично дизајнирани да помогнат во пресметката на нивото на примерено минимално примање, сепак во стварноста ќе помогнат за:

38. B. Nolan, with E. Marlier, A.B. Atkinson and B. Cantillon (2006) The EU and Social Inclusion: Facing the Challenges. Bristol: Policy Press.

39. Извор на податокот: the EU-SILC анкетата е годишна, во цела ЕУ, како дел од програмот на ЕУ за добивање информации за примањата и животните услови на различните видови домаќинства.

- *појасно разбирање за тоа што конкретно значи непримереното примање, земајќи ја предвид разновидноста на животните услови во многуте различни земји-членки;*
- *фокусирање на најранливите луѓе кои живеат под цртата на сиромаштвото. Навистина, меѓу луѓето кои се во ризик од сиромаштија, некои живеат под оваа црта: овие нови показатели го означуваат процентот на луѓето кои живеат во екстремна немаштија.*

## *Проценка на тоа што се смета за нужно за нормален достоинствен живот*

Овие нови показатели на материјалната немаштија го проценуваат пристапот до основните добра и услуги кои се сметаат за нужни за нормален достоинствен живот.

Тие се темелат на листа од 9 работи[40] кои социјално се препознаваат како нужни (види ја табелата подолу):

**Листа на работи кои се социјално препознаени како нужни:**

Домаќинството може да си дозволи:

- да плати долгови (хипотека или кирија, сметки или одложено плаќање на рати);
- една недела одмор далеку од дома;
- да има соодветно греење на домот;
- оброк со месо, пилешко или риба секој втор ден;
- да се соочи со непредвидени трошоци.

Домаќинството може да си дозволи (кога би сакало):

- да има ТВ;
- да има телефон
- да има автомобил;
- да има машина за перење алишта.

40. Idem 39.

Изборот на овие работи беше социјално потврден низ ЕУ со истражувањето Евробарометар, кое покажа дека речиси секоја од овие работи се смета како апсолутна нужност или нужност да се има пристоен животен стандард, од најмалку 50% од населението на ЕУ 27. Луѓето кои се соочуваат со сиромаштија, заедно со EAPN, беа исто така вклучени во тестирањето на овие приоритети.

## *Два нови показатели:*

Првиот прифатен показател е **процентот на луѓе на кои им недостасуваат најмалку 3 работи од листата.** Во 2006 година, на 3% од популацијата во Луксембург им недостасувале најмалку 3 работи од листата, додека во Латвија на 50% од популацијата им недостасувале најмалку 3 работи од пописот.

Вториот прифатен показател е **средниот број (т.е. просекот) предмети што им недостасувал на засегнатите луѓе во различни земји**. Тој треба да одговори на следните прашања меѓу групата луѓе: На кои им недостасуваат најмалку 3 работи? Колку работи им недостасуваат во просек? До која мерка им недостасуваат основни добра? Како да се процени тежината на нивната немаштија?

На пример, во Исланд, луѓето на кои им недостасуваат најмалку 3 работи, во просек им недостасува 3,36 работи, додека во Латвија во групата луѓе на кои им недостасуваат најмалку 3 работи, просечниот број работи кои недостасуваат е 4,12. Тоа значи дека немаштијата на најранливите е потешка во Латвија отколку во Исланд.

Табелата подолу ги изразува вредностите на стапките на немаштија, како и индексот на просекот на немаштија во ЕУ.

| Земја | Процент на луѓе на кои им недостасуваат најмалку 3 работи | Просечен број работи што им надостасуваат на „засегнатите“ |
|---|---|---|
| Луксембург (LU) | 3 | 3,49 |
| Норвешка (NO) | 5 | 3,71 |
| Шведска (SE) | 6 | 3,45 |
| Холандија (NL) | 6 | 3,48 |
| Исланд (IS) | 8 | 3,36 |
| Данска (DK) | 8 | 3,59 |
| Финска (FI) | 10 | 3,48 |
| Австрија (AT) | 10 | 3,48 |
| О. Кралство (UK) | 10 | 3,49 |
| Шпанија (ES) | 11 | 3,45 |
| Ирска (IE) | 11 | 3,66 |
| Франција (FR) | 13 | 3,57 |
| Белгија (BE) | 13 | 3,76 |
| Германија (DE) | 13 | 3,51 |
| Италија (IT) | 14 | 3,70 |
| Словенија (SI) | 14 | 3,49 |
| Чешка (CZ) | 20 | 3,79 |
| Португалија (PT) | 20 | 3,74 |
| Грција (GR) | 23 | 3,81 |
| Кипар (CY) | 31 | 3,50 |
| Словачка (SK) | 36 | 3,77 |
| Унгарија (HU) | 38 | 3,96 |
| Литванија (LT) | 41 | 4,09 |
| Полска (PL) | | 4,06 |
| Латвија (LV) | 50 | 4,12 |

*Стапката на немаштија (од 9 работи) меѓу луѓето на кои им недостасуваат најмалку 3 работи од листата, 2006. Извор: Eurostat, EU-SILC 2006.*

## *Предности и недостатоци на пристапот*

### *Предности*

Показателите на материјалната немаштија даваат поточна слика за тоа што значи сиромаштијата за луѓето што живеат под цртата на сиромаштија договорена за ЕУ.

Изборот на показатели е проверен со јавното мнение на ЕУ: подразбира чекор напред кон социјални стандарди на ниво на ЕУ.

Согласноста за показателите го одразува важниот консензус помеѓу институциите и земјите-членки на ниво на ЕУ во врска со збирот на добра што се сметаат за нужни за достоинствен живот.

Овие показатели ја надополнуваат цртата на 60% просечен приход и со тоа ја задржуваат оваа битна референтна точка.

### *Недостатоци*

Луѓето погодени од сиромаштијата не беа систематично вклучени во обликувањето на овие показатели, иако беа вклучени во тестирањето. Ова можеби водеше до искривување на приоритетите.

Деветте работи биле одбрани од мнозинството на ЕУ-популацијата во истражувањето, но многу луѓе не ставиле приоритет на истите работи.

Показателите не ја отсликуваат целосно мултидимензионалноста на сиромаштијата (во поглед на пристапот до пристоен стан, друштвен живот, култура, образование, здравство итн.) ниту го одразува заемното дејствување помеѓу факторите.

Тие не ја одразуваат суровата реалност на сиромаштија во некои земји. *„Во Романија, на луѓето што живеат во сиромаштија најпрво им треба доволно пари за да преживеат, а потоа за да ги дадат децата во школо, бидејќи сите училишта се скапи (повеќе од 50 евра месечно по човек). Повеќето од сиромашните луѓе немаат свој дом за живеење, со основни санитарни услови“*, извести еден член на ЕУ.

Показателите се користени така што се концентрираат само на **апсолутните форми на сиромаштија**, на штета на поамбициозните политики против сиромаштијата, насочени кон намалување на релативната сиромаштија и промовирање на поправедно општество.

Воопштено, поамбициозен пристап е потребен за да се подобри капацитетот на ЕУ да ја сфати и да ја спореди конкретната стварност на луѓето што живеат во сиромаштија. Особено, потребно е понатамошно истражување на конкретната куповна моќ на луѓето кои живеат од шемите за минимално примање.

## 3.2. Буџет на минимален стандард за пристоен живот во Британија

**Проектот на Joseph Rowntree Foundation за стандардот на минимално примање покажува дека е возможно да се одреди кое ниво на приход дозволува пристоен живот.**

Истражувањето објавено на 1 јули 2008 година од страна на Joseph Rowntree Foundation е усмерено на одговарање на прашањето: кое ниво на примање луѓето го сметаат за потребно за да се овозможи општествено прифатлив стандард на живеење и учество во друштвото во Британија денес?

Истражувањето смислило стандард на минимално примање за Британија темелено на тоа што велат припадниците на јавноста и ги покажало трошоците за покривање на основните добра и услуги за различни видови домаќинства. Целосниот извештај може да се најде на веб-страницата на проектот:
www.minimumincomestandard.org

Следела комбинација на две водечки **методологии за буџетен стандард** користени претходно: **методологија на согласност** темелена на јавни расправи меѓу припадниците на јавноста и **методологија предводена од експерти**. Истражувањето го гледа минималниот стандард на живеење повеќе од обезбедување храна, облека и засолниште, како одговор на тоа што е нужно за да се добие можност и избор за учествување во општеството.

Листите за тоа што е потребно за различни домаќинства се направени за време на 39 **групни дискусии** и работилници. Тоа вклучува: храна, облека, сместување, сметки, гориво, апарати за домаќинство, лични добра и услуги, транспорт, друштвени и културни активности. Групите биле информирани со совети од специјалисти (како што се нутриционисти, инжинери за греење итн.). Учесниците исто така се концентрирале на потребите, а не на желбите.

Како резултат, истражувањето дава **неделен буџет за различни видови семејства кој веројатно дозволува стандард на живеење сметан за прифатлив од страна на „обичниот маж и жена“.**

Проектот заклучува дека в**о Британија државата не успева да им гарантира на луѓето доволно средства за да го добијат она што овие групи го сметале за прифатливо ниво.** Според ова истражување, **поддршката за примањата опфаќа само 42% од овој прифатлив буџет** во случај на самец во 2008 година. Семејства со деца што живеат од социјалното примање добиваат околу 2/3 од овој прифатлив буџет. Обратно, социјалното примање за пар (пензионери) го надминува овој буџет за 5%.

Ова истражување било ажурирано во јули 2009 година. Тоа покажува дека трошоците на минималниот буџет во домаќинството пораснале за 5%. *„Ова е далеку повеќе од стапката на инфлација бидејќи некој што живее со минимално примање троши повеќе од просечниот дел од буџетот на храна, домашно гориво и на јавен транспорт, чии цени скокнале од 7 до 12 проценти“*, велат тие.

Интересно е тоа што објаснувачкото истражување покажува дека во време на рецесија, луѓето сè уште мислат дека минималниот животен стандард треба да им овозможи на луѓето не само преживување туку и активно учество во општеството.

## *Предности и недостатоци на пристапот*

### *Предности*

Пристапот ефикасно го проценува степенот на примереност на бенефициите на сигурносната мрежа, покажувајќи ја можноста од постигнување консензус за нужните добра за пристоен живот.

Бидејќи резултатите се градени според мислењето на „обичниот“ човек, поверојатно е дека ќе го олесни јавниот консензус за нивото на прифатливи бенефиции.

Пристапот е значаен поради својата сеопфатност бидејќи може да се примени во мноштво ситуации.

Дадена е предност на учеството. Луѓето кои живеат во сиромаштија се вклучени во одлучувањето за показателите, а не само во нивната проверка.

Вклученоста на мешани приходни групи обезбедува поправедна проценка на стандардите нужни за пристоен живот, на пример, групата самохрани родители вклучува посиромашни и побогати самохрани родители. Вклучувањето на само сиромашни луѓе носи ризик од воспоставување уште пониски нивоа на минималецот.

Се покажа како корисно средство за создавање дискусии, како и за лобирање и креирање политики.

Пристапот може лесно да се ажурира, т.е. да се процени влијанието на моменталната криза на најсиромашните. Затоа што е истражување со учество, се зборува и за јавното мнение за минималните животни стандарди, потенцирајќи дека дури и во времиња на економска криза, жителите на ОК не се откажуваат од амбицијата да осигураат минимален пристоен стандард за сите.

### *Недостатоци*

Мислењата на луѓето од различни приходни и целни групи се земени предвид при одредувањето што е прифатливо „за сите“. Но нема специфичен фокус на гледиштата и стручноста на луѓето што живеат во сиромаштија, а нивниот глас треба да биде во суштината на која било дискусија за примереноста.

Пристапот е многу интензивен и сложен и бара многу време, персонал и средства. Тоа го чини тежок за пренос. Но другите земји би можеле само да надоградат на работата што е веќе направена. Пристапот бара интензивно следење за да се осигура дека предложениот неделен буџет ќе се одржува. Исто така, тешко е да се следат промените во животниот стандард долгорочно што може да бара ревизија на содржината на минималниот буџет.

Пристапот не одржува врска со 60% од цртата на просек: ова носи ризик бидејќи дискусијата може да се води повеќе за материјалната сиромаштија, отколку за релативната сиромаштија и нееднаквоста.

## 3.3. Модел на потрошувачка кошара темелен на искуството на луѓето кои живеат во сиромаштија

**Транснационалниот проект** на ЕУ **воден од EAPN на Ирска под наслов** *„Поставување минимални социјални стандарди низ цела Европа“, во текот на две години (2005-2007) собра различни јавни и невладини мислења за прашањето на улогата на ЕУ, односно што може да направи таа при поставувањето социјални стандарди кои би ја јакнеле борбата против сиромаштијата. Последниот извештај ги претставува елементите на консензус, постигнат меѓу учесниците. Тој тврди дека „согласувањето за заеднички пристап кон социјалните стандарди на ниво на ЕУ најдобро се гледа како процес на дијалог кој ги вклучува Европската унија, земјите-членки, луѓето што живеат во сиромаштија, социјалните истражувачи и општата јавност да се сложат за збир на добра и услуги потребни во секоја земја-членка за достоинствен живот и дополнителни програми и акции на сите потребни нивоа за да се осигура дека секој ќе има пристап до таквиот збир.“*



**Белгиската мрежа против сиромаштија, откако беше вклучена во овој транснационален проект, сега е ангажирана во истражувачкиот проект на национално ниво за „искуствена методологија при пресметката на примереност“,** која е спроведена од Универзитетот во Антверпен и католичкото средно школо од Кемптен што може да биде гледано како продолжување на проектот за социјален стандард.

Првата фаза беше изведена во Фламанската регија. Фламанската регионална мрежа против сиромаштија учествуваше во раководечката група на истражувањето, а неколку здруженија на луѓе кои живеат во сиромаштија беа директно вклучени како фокус-групи.

Во овој проект, научните хипотези за човечките потреби за достоинствен живот беа тестирани наспроти искуствата на луѓето кои живеат во немаштија. Проектот користеше академска „кошара на добра“ која беше посебно сеопфатна и прецизна во набројувањето на тоа што е потребно за пристоен живот, почнувајќи од потребата за храна, па сè до учеството во културни активности, домување, сигурност итн. За секоја од овие работи, проектот најпрво почнал со собирање научни погледи од професионални специјалисти на таа тема. Потоа резултатите биле проверени преку гледиштата и искуствата на фокус-групите, преку социјалните работници кои работеле во округот и преку еден човек кој живеел во сиромаштија. На последното му се придава посебно значење, во случај да бидат исти резултатите од двете фокус-групи.

Потребите биле планирани за различни видови домаќинства, а потоа било дискутирано повторно во групи вклучувајќи специјалисти и луѓе кои живееле во сиромаштија од неколку здруженија.

Повратната информација од луѓето што живеат во сиромаштија се користела за да се истакне моментот кога академскиот модел не одговарал на стварноста на животот во сиромаштија и за да се предложат промени. На пример:

- *Некои луѓе живеат далеку од продавниците со најниски цени, така што мораат да бираат помеѓу купувањето добра со повисока цена во поблиската продавница или плаќањето превоз за да стигнат до продавницата со поевтини цени.*

41. www.eapn.ie/standards

- *Некои луѓе немаат фрижидер или замрзнувач. Тоа значи дека треба да го планираат купувањето од ден за ден, отколку да ги намалат трошоците со купување наеднаш.*
- *Моделот не ги покрива специфичните потреби поврзани со болест или нарушено здравје, а луѓето што живеат во сиромаштија се наклонети кон оболувања, вклучувајќи и ментални проблеми.*

Во втората фаза која требала да трае до крајот на 2009, методот бил применет во другите две регии на земјата, Валонија и Брисел. Се очекува резултатот да покаже поопшто средство кое може да се примени во целата земја (во оваа поширока фаза на истражување, трошоците за здравство ќе бидат посериозно земени во предвид).

## *Предности и недостатоци на пристапот*

### *Предности*

Првиот резултат покажа дека буџетот кој е потребен за пристоен живот е повисок од нивото на националната црта на сиромаштво, а повисок и од нивото на минималното примање.

Резултатот ја потенцира клучната улога на учество на луѓето погодени од сиромаштија.

Буџетот е насочен кон целосно учество во општеството, а не само кон минимумот за преживување. Ги зема предвид улогите на човекот во општеството и очекувањата. На пример, како родител се очекува од вас да се грижите за своето дете и да му овозможите добро образование; како работник се очекува да придонесете во производството на добра и услуги, држејќи чекор со новите достигнувања во вашиот сектор, како и извршување на работните задачи; како член на својата локална заедница треба да останете информиран за тоа што се случува околу вас итн.

### *Недостатоци*

Научниот модел на буџетот се однесува на фиктивно „идеално“ лице за кое се претпоставува дека е здраво, без специфични потреби што бараат додатни трошоци (на пр. инвалидитет), многу добро информирано и дејствува рационално кога купува. Стварноста на луѓето во сиромаштија е многу поразлична.

Проектот е ограничен на спротивставување меѓу академските експертизи, погледите на работниците и искуствата на сиромашните, а не ги вклучува мислењата на „обичните“ луѓе; овој буџетен модел не е тестиран врз основа на тоа; наспроти главната струја на животен стандард што исто би требало да е централна референца за дефинирање на достоинствениот живот (на пример, користениот модел на научен буџет вклучува квантитет на месо доволен од здравствена гледна точка, но понизок од стандардот за консумирање од страна на средната класа).

Истражувањето не ја зема предвид ситуацијата на мигрантите во земјата. Некои резултати со мигранти покажаа многу сличности со луѓето од Фламанската регија кои живеат во сиромаштија, но и некои важни додатни проблеми. Овие не се интегрирани во конечните резултати на првата фаза, а не се земени предвид ниту во втората фаза (во Валонија и Брисел).

Овој пристап не ја задржува поврзаноста со референцата за 60% просечност; ова го носи ризикот од дискусија за апсолутно материјално сиромаштво, повеќе отколку за релативно сиромаштво и нееднаквост.

## 3.4. Користење референтен буџет како репер во креирањето политики: шведски модел

Референтните буџети се модели на расходи за различни типови домаќинства. Вакви буџети се креирани низ цел Европа и се користени за различни намени. Постои европски проект поддржан од страна на Европската комисија под Програмата за напредок координирана од некои членови на European Consumer Debt Network. Во моментов промовира креирање вакви буџети во земји во кои досега не бил користен и ја зголемува размената помеѓу групи во земји кои користеле ваков буџет со години station наназад.[42]

Материјалот добиен со овој проект носи интересни примери од многу различни земји. Во Шведска, референтниот буџет е повеќе од буџет на минималецот. Развиен е од 1976 година. Тој дозволува да се задоволат повеќето основни потреби, на пример, овозможува луѓето да земат учество во друштвениот живот вклучувајќи и рекреативни активности. Јавни се износите и начинот на кој се пресметува. Овој референтен буџет или сличните референтни буџети се користат за:

- *Буџетско советување и отпишување на долгот;*
- *Кредитен осврт кога банките даваат заем;*
- *Наплата на долгови;*
- *Јавно истражување врзано за домашниот буџет;*
- *Анализа на ситуацијата на различни групи домаќинства;*
- *Образование;*
- *Подигање на свеста.*

Во моментов се користи и како референтна точка за додаток на социјална помош.

На пример, за семејство од двајца возрасни, едно момче од 10 години и едно девојче од 4 години, дневните трошоци според шведскиот референтен буџет ги вклучува следниве работи: храна, облека, обувки, хигиена, рекреација, потрошен материјал, новини, радио, ТВ, телефон, и тоа за износ од 825 евра месечно. Социјалниот додаток би го надминал расположивиот приход на ова семејство до овој износ на референтниот буџет, плус стварните трошоци како стан, струја, патни трошоци за работа, осигурување на домаќинството, детски додаток и членарина во синдикати, како и за осигурителен фонд за невработеност ако се смета за разумен.

42. See www.ecdn.eu

## *Предности и недостатоци на пристапот*

### *Предности*

Референтниот буџет е објективна и ефективна алатка за пресметување социјални додатоци.

Фактот дека овој референтен буџет е конкретно користен како јавна референца за социјален додаток ѝ дава легитимност на оваа алатка и е чекор напред кон признавање на правото на достоинствен живот.

Овој референтен буџет е користен на многу начини, кои на оваа алатка ѝ даваат јасност што може да придонесе кон подобро разбирање на стварноста на сиромаштијата. Високото ниво на транспарентност гради прифатливост и легитимност.

### *Недостатоци*

Референтниот буџет не ги покрива целосно дневните издатоци на семејството, поконкретно киријата и енергијата. Овие трошоци можат да бидат покриени, но се земаат одвоено. Во практиката, општините можат да постават локални упатства за овие работи, на пример, граница до која ќе се покрие износот за станбени издатоци. Овој референтен буџет станал истовремено и максимум и минимум. Пред да биде применет, некои општини биле подарежливи. И повеќе од тоа, различните трошоци не се примерено ажурирани, т.е. во однос на растечките цени на здравството, енергијата, станарината и енергентите. Овој метод не ги вклучува луѓето кои се засегнати од сиромаштија. Исто така е неповрзан со референцата на 60% просечен приход. Неговото ниво не обезбедува целосна партиципација во денешното општество. Ситуацијата на ранливите луѓе е направена уште потешка, во однос на сегашниот притисок за намалување на социјалните давачки.

# УНАПРЕДУВАЊЕ ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ: ПРИМЕРОТ НА ПЕНЗИСКИОТ СТОЛБ

**Примереноста е централен поим во политичката дебата на ЕУ која е врзана за пензиите.**

На ниво на ЕУ, со отворениот метод на координација (ОМС) за социјална заштита и социјална вклученост се имплементирани Стратегијата за пензиите паралелно со Стратегијата за социјална вклученост и со Стратегијата за здравство и долготрајна нега.

Стратегијата за пензиите на ЕУ е организирана околу целите на **примереност** на пензиските одредби и **финансиската одржливост** на пензискиот систем. Стратегијата е насочена кон одговарање на заканите за иднината на пензиите што се појавува од демографската еволуција, и од високиот ризик на сиромаштија меѓу старите луѓе во многу земји-членки (за повеќе информации види ја веб-страница на Европската комисија[43], посветена на тоа прашање).

Иако аспектот на одржливост тежнее да биде доминантен во тековната национална реформа на пензиите, организациите што ги претставуваат интересите на постарите инсистираат дека примереноста на примањата за старите мора да остане фундаментална цел на кој и да е пензиски модел (детални информации за оваа расправа можат да се најдат на веб-страницата на AGE[44], Европската платформа за постари луѓе[45]). Покрај тоа, во контекст на кризата, организациите за стари луѓе ја користат можноста за да потсетат на улогата на државата во осигурувањето примерени пензии за сите, каде што индивидуалните придонеси се дополнети со ефикасна компонента на солидарност.

Во тој смисол, платформата AGE во својата изјава за пензиите од 2009 година, *Осигурување примерени пензии за сите во ЕУ – поделена одговорност за општеството*, со нова итност го повторува нивниот повик за:

- *балансирани и разновидни пензии со примерени и сигурни законски шеми (т.н. прв столб);*
- *зајакната безбедност за индивидуалните права во шемите за финансирани пензии;*
- *мерки за олеснување при задржување на постарите работници на нивните работни места и пристап до квалитетно вработување за оние што бараат работа;*



43. http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=752&langId=en

44. www.age-platform.org

45. Достапно на: http://www.age-platform.eu/en/age-policy-work/social-protection/age-position-statements

- *да се обрне посебно внимание со цел да се одговори на постоечките нерамноправности врз база на пол во староснитe примања и да се избегне создавање нови извори на нееднаквости за идните групи;*
- *поддршка на поединците со пократка или нетипична работна кариера за да им се помогне во изградбата на доволни пензиски права.*

Платформата AGE инсистира на потребата за осигурување, односно која било идна пензиска реформа кога создава блиска врска помеѓу придонесите и бенефициите ќе биде донесена на адекватен и социјално праведен начин.

Во ЕУ е посебно важно да се истакнат горespомнатите барања во врска со примереноста каде што луѓето над 65 години често се во најголем ризик од сиромаштија меѓу сите други популациски групи.[46] Според Платформата, ова подразбира специфични препораки во смисла на политички одлуки со осврт кон најранливите групи постари луѓе, како што се постари жени, самци, мигранти или инвалидни лица:



- *Земјите-членки треба да гарантираат минимално примање за постарите луѓе еквивалентно барем на прагот на сиромаштво од 60% национален просечен урамнотежен приход на домаќинството, како начин за унапредување на нивната социјална вклученост и автономија.*
- *Да се погледне членот 1 од Европската повелба за темелни права во врска со човечкото достоинство при креирањето пензиски шеми, т.е. правото на примерено минимално примање треба да биде препознаено како темелно и нужно за сечие достоинство и независност.*
- *Придонес на оние кои се невработени, болни или се грижат за децата и постарите кога се поттикнуваат и се наметнуваат приватно финансираните шеми.*
- *Развивање механизам кој ќе биде сеопфатна сигурносна мрежа, дозволувајќи им на постарите луѓе достоинствен живот.*
- *Да се обезбеди примерено усогласување на пензиите за да се во тек со напредокот во општеството и за да не се падне во замката на сиромаштвото. Начинот на усогласување треба да биде одлучен од страна на релевантните национални чинители во согласност со постоечкиот економски контекст.*

**Примерот на ОМС за пензии е силен: ставањето на примереноста во центарот на креирањето политики е возможно и оперативно; тој ги поврзува промоцијата на пристапот темелен на правото и одговорот на специфичните потреби.**

46. Види ги индикаторите на исклученост на веб-страницата на Eurostat: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/employmentandsocialpolicyindica-tors/omcsocialinclusionandsocialprotection/ socialinclusionstrand

# ПРИМЕРЕНОСТА НА МИНИМАЛНОТО ПРИМАЊЕ ПРИ КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ ДЕНЕС:

# НАЦИОНАЛНИ ПРИМЕРИ НА РЕФОРМИ

Во сегашниов период, во контекст на активните политики на вклученост, бројни ЕУ земји-членки поминале или почнале дискусија за постоечките шеми на минимално примање. Дали во овој процес ги прифатиле предизвиците на примереноста? Како се случило ова и кој одредил колку е примерено и зошто?

Четири од овие национални реформи се прикажани подолу (Франција, Австрија, Финска и Белгија). Овие анализи се директно отстапени од националните мрежи на EAPN.

EAPN забележува дека **сегашните реформи во врска со шемите за минимално примање најпрво ја истакнуваат целта да се натераат луѓето на работа.** Целта да им се дозволи на луѓето достоинствен живот, ретко се спомнува. Меѓутоа, во некои случаи, темата на примереност можеби е спомната на маргините на дебатата со цел да се отвори врата за напредок по ова прашање.

47. *Active-Solidarity Income.*

## 5.1 Создавање 'revenu de Solidaritéactive' ('rSa')[47] во Франција:

## Примена на Стратегијата за активна вклученост

### *Заднина: неуспех на претходните шеми за минимално примање да ги вработат луѓето.*

RMI (комбинирана поддршка со приходи/надоместок за оние кои бараат работа) постои во Франција веќе 20 години (1988). Таа ја има постигнато својата прва цел, односно да им овозможи на оние кои се над 25-годишна возраст основно примање за да преживеат. Но другите цели ги има постигнато делумно, т.е. да им помогне на луѓето да се интегрираат во општеството и при вработувањето.

Затоа владата одлучила да ја промени, со цел да ја „активира пасивната потрошувачка", т.е. да создаде поцврста врска помеѓу бенефициите и вработувањето.

## *Алатка на политиката – сегашен статус и процес: креирање на 'rSa' ('revenu de Solidarité active').*

'rSa' е новата шема на минимално примање што ја заменува претходната (именувана како RMI што стои за додаток на минимално примање).

Законодавството поминало во декември 2008, по пробната употреба во различни оддели, а било имплементирано од 1 јуни 2009.

Од октомври 2009 година, rSa се применува и за млади луѓе под 25 години, под услов во претходните три години да имаат работно искуство најмалку две години. Претходно, rSa не била достапна за лица под 25 години.

Луѓето што живеат во сиромаштија учествувале во теренската работа за создавање на rSa, како дел од сеопфатниот маханизам на владеење, вклучувајќи и клучни чинители.

## *Клучен елемент: што е ново?*

rSa ја јакне одредбата за „поттик на работа": сиромашните кои се вработени ќе можат делумно да ги додадат бенефициите кон своите плати.

Нивото на минимално примање не е надградено.

## *Како се третира примереноста?*

Реформата се концентрира да го разгледа прашањето меѓу сиромашните кои се вработени и да ги поттикне барателите на минимално примање да бараат на работа. **Примереноста не се гледа во поглед на тоа што е потребно за достоинствен живот, туку во поглед на тоа што е „фер" награда за луѓето кои учествуваат на пазарот на трудот.**

## *Предности и недостатоци на реформата*

rSa несомнено претставува напредок за оние кои се фатени во замката на сиромаштија и покрај работата, а кои ќе добијат повеќе средства.

Но НВО **повикаа на 25% покачување на RMI во текот на 5 години, за да се задржи чекорот со покачувањата на примањата на луѓето со инвалидитет и постарите и за да бидат износите поврзани со листата на животните трошоци. Тоа не може да се договори** бидејќи куповната моќ на RMI е значајно опадната во споредба со минималната плата.

Големата поплака на НВО во врска со rSa е дека не ги олеснила маките на оние со најголеми тешкотии и на оние кои се најмногу оддалечени од можноста да работат. Ништо ново не е направено за овие групи и тие ќе добијат помала помош од оние што работат. EAPN Франција исто така жали поради условниот елемент на rSa: барачите ќе бидат казнети ако не успеат да се придржуваат на интегративниот договор или ако одбијат 2 работни понуди што одговараат на нивниот профил.

**За повеќе информации:**
Bruno Groues, UNIOPSS, EAPN France
bgroues@uniopss.asso.fr

## 5.2 Австрија: Нов закон за минимално примање со проверка

### *Слабостите на сегашниот децентрализиран систем*

Бенефициите на социјалната заштита, како што се социјалната помош, бенефициите за инвалидност, трошоците за пензија и домашна нега, не се од придонеси и се елементи на „последна надеж“ на австрискиот систем на социјално осигурување. Финансирани со општо оданочување, тие се замислени да обезбедат **социјален минимум во случаите на потреба или итност.**

Најзначајната **социјална помош (Sozialhilfe)** се одредува, се спроведува и се администрира од страна на федералните провинции (Bundesländer).

Според австрискиот Устав, секоја провинција има свој закон за социјална помош (Sozialhilfegesetz), но постојат некои з**аеднички основни принципи:** социјалната помош се доделува во поединечни ситуации кога средствата на поединецот и исплатите од трета страна не се повеќе доволни да дозволат пристоен начин на живот. Подобноста зависи од средствата на домаќинството; другите роднини имаат должност да обезбедат финансиска поддршка. Сите средства се пресметуваат со тест за средства и приходи (одделно од семејните бенефиции). Ако дозволуваат условите, бенефициите мора да се вратат, и тоа ако корисникот престанал да прима социјална помош (иако сите провинции не ја спроведуваат оваа одредба во дело).

За повеќето социјални бенефиции, како и за социјалната помош, недостасуваат минимум стандарди. Како резултат на тоа, повеќе од половината бенефиции за невработеност и повеќе од 80% од бенефициите за социјална помош се под нивото на „Ausgleichszulagenrichtsatz“ (помош која се доделува за да ги надополни ниските пензии и да ги подигне до одредено ниво).

Барањето социјална помош е **многу стигматизирано** и **постои значаен недостиг на информации** во врска со критериумите на подобност. Социјалните истражувачи проценуваат дека постои **стапка на непреземање до 50%.**

Освен тоа, истражувањето спроведено од EAPN Австрија покажа дека постоеле значајни дефицити во распределбата на социјалната помош. Вкупно 17% од испитаните НВО имале искуство дека службите за социјална помош одбивале барања за социјална помош, 47% известиле дека пристапот до социјална помош бил овозможен по интервенцијата на НВО, а често исплатениот износ бил под нивото одредено во Законот за социјална помош.

### *Нов национален систем за примања со проверка*

**Главните цели** на новиот модел на системот за добивање минимум примање со проверка (‘Bedarfsorientierte Mindestsicherung’) се **спроведувањето минимални стандарди и подобра пристапност до социјалниот пренос**, вклучувајќи подобрување на стапката на преземања на бенефициите. Тој модел не ги става под знак прашалник централните принципи на австрискиот социјален систем (на пр. неговото тежиште за пристапот на пазарот на трудот и принципот на домаќинство).

**Процесот** на претставување на австрискиот систем за минимални примања со проверка почнал пред неколку години, со преговори за тоа кое ниво на приход е примерен и што треба да е вклучено во системот на минимално примање.

Претходната влада организирала конференции за да се расправи нивното поимање на минималното примање со тестирање. Новата влада го прифатила оригиналниот план и го намалила опсегот без каква било јавна расправа.

**EAPN Австрија не беше директно вклучена во обликување на реформите, но зема учество во обликување на овој закон, како можност за водење кампања за минималното примање кое го сакаат во рамките на EAPN кампањата.** Тие понудиле редовен внес и проценка во однос на реформите – медиумски соопштенија, јавни расправи и внесови на различни јавни случки.

Во моментов системот на минимално примање во Австрија е во процес на преговори помеѓу федералните и националните влади. Тие се договориле датумот на спроведување да биде септември 2010 година.

## *Што е ново?*

- *Создавање национална шема за минимално примање, синхронизирајќи ги постоечките федерални шеми;*
- *Стандардизирани одредби за минимално примање во Австрија (барања, одредби за закрепнување, едно заедничко ниво на минимално примање, процедурален закон);*
- *Вклучување на сите приматели во системот на здравствено осигурување;*
- *Намалување на минималното примање до 50% ако се смета дека лицето „не сака" да работи.*

## *Каков е пристапот кон примереноста?*

Според сегашниот нацрт, шемата за минимално примање би требало **да ги покрие станбените и животните трошоци**, односно да ги покрие трошоците за лекување кога е потребно и да овозможи општествена и културна вклученост. Поединечно лице би требало да има право на 744 евра (12 пати годишно) што е околу 200 евра под цртата на сиромаштвото (951 евро за месец - 2008).

Примереноста не била првобитната цел на реформата, но EAPN Австрија секогаш тврдела дека примереноста ја зема како тема на јавна расправа.

## *Предности и недостатоци*

Реформата вклучува здравствено осигурување за сите приматели.

Ја ограничува обврската за враќање на бенефициите кога се добива работа.

Но некои аспекти сè уште не се задоволувачки:

- *Не вклучува доволно средства за да се покрие киријата и трошоците за струја;*
- *Не ги покрива трошоците врзани за посебните потреби;*
- *Нивото на минимално примање е сè уште далеку под границата на сиромаштво;*
- *Сè уште ќе се исплатува на домаќинства, а не на поединци;*
- *Сè уште вклучува казнена условеност во случај на способност за работа.*

**За повеќе информации:**
Verena.fabris@volkshilfe.at
EAPN Austria: www.armutskonferenz.at

# 5.3 Финска: Реформа на пензиите и бенефициите во 2011 година

## *Заднина*

Сегашниот систем на социјална заштита се состои од голем број различни бенефиции на социјалната заштита, создадени и менувани во декади.

Во програмата на владата (19 април 2007), сегашниот Кабинет на Финска планира да го реформира постапно целиот систем за социјална заштита.

Повеќе информации на:
www.stm.fi/en/strategies_and_programmes/sata

## Алатки на политиката и процесот

Целите на реформата се да го направи прифаќањето на работните понуди поатрактивно, да ја намали сиромаштијата и да осигура примерено минимално примање во секоја животна ситуација. Понатамошна цел е да го направи целиот систем на социјална заштита поедноставен и појасен.

Реформата ја подготвува комитетот SATA што се состои од претставници на релевантните административни сектори и од организациите на пазарот на трудот и третиот сектор.

Комитетот го поднесе својот предлог за основните принципи на севкупната реформа во јануари 2009 година.

## Што е ново?

Предлозите на Комитетот ја покриваат целата сфера на националниот систем на социјална заштита. Сепак, две препораки веќе беа прифатени од Владата и двете се однесуваа на примереноста на минималното примање:

- *Воведување гарантирана пензија со цел да се осигура дека најмалите пензии ќе достигнат разумно ниво (685 евра месечно во сегашни пари), да се спроведат од март 2011 година.*

- *Основните бенефиции од социјалното осигурување (минимален надоместок, детски додаток, надоместок за домашна нега, за приватна днавна нега и др.) ќе бидат поврзани со индексот на потрошувачките цени. Првото покачување на индексот стапи на сила од 1 март 2011 година.*

Види: www.stm.fi/en/income_security

## Каков е пристапот кон примереноста?

Примереноста на минималното примање беше едно од првобитните цели на реформата. Произлегува од Уставот кој пропишува дека секој има право на основен опстанок и нега, основна материјална обезбеденост во случај на невработеност, болест, инвалидност, старост, како и во случај на раѓање дете или губење на издржувачот на семејството.

Концептот на примереност сè уште не е дефиниран. Според мислењето на Комитетот, една споредба со општото ниво на приходи и животниот стандард може да се користи како референтна точка. Но на крајот, она што се смета за примерен стандард е суд втемелен на вредностите и предмет на политичко одлучување.

Комитетот предлага правило, додека од Владата треба да се бара да ја процени примереноста на основните бенефиции секои четири години, врз база на општото ниво на приходи, земајќи ги предвид одржливоста на јавната економија, социјалната одржливост и други потреби врзани за просечниот развој на општеството.

## Предности и недостатоци

Гореспомнатите препораки се добри и важни, но не се доволни. Подигањето на нивото на основните бенефиции е клучно за решавање на тешкотиите на оние кои се во најтешка положба. Ако ова не се стори, релативната сиромаштија и социјалната исклученост можат само да се зголемат.

**За повеќе информации:**
kirsi.vaatamoinen@stkl.fi

**EAPN Finland** c/o The Finnish Federation for Social Welfare and Health,
www.eapn-fin.org

## 5.4 Белгија: генерално средство – со планирање против сиромаштијата

### *Заднина*

Белгискиот Устав тврди дека „секој има право да живее достоинствено“ (член 23).

Во 2006 година, 14,7% (што е еднакво на 1 470 000 лица) од белгиското население живееле под границата на сиромаштвото.

Сегашниот износ на шемите за минимално примање (726 евра месечно за едно лице) насловено „Приход на социјална интеграција“ е **под прагот на сиромаштво** (878 евра месечно за едно лице во 2009).

Јавната служба посветена на борбата против сиромаштијата, зависноста и социјалната исклученост е оформена во 1999.

### *Федералниот план против сиромаштијата*

На национално ниво, планот против сиромаштија бил прифатен во јули 2008 година, и тоа за 2009, 2010 и 2011, преку процес на учество: сите министри (од сите 6 влади во Белгија) и сите актери на цивилното општество биле консултирани. Белгиската мрежа против сиромаштија била активно вклучена и сè уште има статус на привилегиран советник.

### *Што е ново?*

Неколку мерки се насочени кон борбата против сиромаштијата и се групирани во 6 главни цели:

- *Примање што им овозможува на луѓето да си ја планираат иднината;*
- *Гаранција на правото на здравство;*
- *Вработување како извор на социјална интеграција и благосостојба;*
- *Пристап до дом;*
- *Гарантиран пристап до енергија;*
- *Пристап до јавните служби за сите.*

### *Каков е пристапот кон примереноста?*

Без да се користи самиот збор „примереност“, прашањето на примереноста се третира под различни цели на планот. Првиот спектар на мерки е насочен директно на зголемување на нивото на примањата: првата цел (примање што им овозможува на луѓето да прават планови за иднината) вклучува зголемување на потрошувачката моќ преку зголемување на социјалните бенефиции, покачување на минималната пензија и семејните бенефиции.

Вториот спектар на мерки е насочен кон гарантираниот пристап на сите до енергија. Тој вклучува развој на социјални тарифи за енергија.

Последниот спектар на мерки е насочен кон обезбедување пристап за сите до јавните услуги. Тој опфаќа мерки во врска со социјалните тарифи за телефон, борбата против дигиталната поделеност и намалената тарифа за пристап кон интернетот.

Планот да се покачат социјалните бенефиции (вклучувајќи го и примањето за социјална вклученост) до нивото на прагот на сиромаштво е интегриран од страна на државниот секретар, за време на подготовката на Федералниот план, но потоа не е спроведен од страна на владата.

## *Предности и недостатоци*

Реформата помогна да се изгради консензус меѓу различните актери, вклучувајќи го државниот секретар, за да се покачат социјалните бенефиции со цел да се почитува човечкото достоинство.

Напредок во врска со примереноста може да се постигне со подигање на нивото на примањата и со акциите за подигање на ефективниот животен стандард на сиромашните луѓе.

Но, на крајот, достапноста до јавниот буџет останува единствен критериум.

**За повеќе информации:**
Ludo Horemans,
Ludo.horemans@antwerpen.be

EAPN Belgium, www.bapn.be



# ЗАКЛУЧОК

Има сè повеќе сведоштва кои ја утврдуваат итната потреба за реформа на постоечката состојба, и тоа во врска со шемите за минимално примање. И научниците и луѓето на терен кажуваат дека сегашниот систем не гарантира пристап до достоинствен живот за сите. Овој неуспех ја става социјалната кохезија во ризик.

Зголемен број актери се обидуваат да го тематизираат тоа прашање, но се направени мали чекори. Овој тренд е видлив преку проектите насочени кон конкретниот одговор за значењето на примереноста, но и преку политичките расправи во врска со сегашните реформи на шемите за минимално примање.

ЕУ може да игра важна улога како придвижувач кон напредокот по ова прашање, доколку земјите-членки се сложат да тргнат напред кон спроведување на обврските преземени во 1992 во корист на *„темелното право на доволни и веродостојни средства“*.

Препораките направени од Извештајот на ЕУ-мрежите нудат значаен напредок (види го Додатокот 2).

Примереноста на минималното примање е во срцта на залагањата на EAPN. Посебна веб-страница (www.adequateincome.eu) е посветена на кампањата на EAPN за шемите на примереното минимално примање за сите каде што можат да се најдат детални информации за развојот на тоа прашање, како и за преземените акции во кампањата.



# ДОДАТОК 1: НЕТО-ПРИМАЊА НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ (2006)[48]

**Процент на прагот на ризик од сиромаштија за 3 типа семејства без вработени, вклучувајќи и станбени бенефиции.**




Земени се предвид само земји каде што постојат некатегорични бенефиции на социјалната помош. Извор: Joint EC-OECD project using OECD tax-bene•t models, and Eurostat.

48. In Commission staff working document Monitoring progress towards the objectives (...) Social Inclusion, October 2008.

# ДОДАТОК 2: Главни заклучоци и предлози од Извештајот на ЕУ-мрежата од независни експерти за минимално примање од 2009 година[49]

## *Примереност*

1. Бидејќи е нејасно што го сочинува примереното минимално примање за достоинствен живот, би било од помош кога Европската комисија и земјите-членки би се согласиле за заеднички критериуми што би им помогнале на земјите-членки во осигурувањето дека нивниот стандард на минимално примање би ги задоволил барањата од препораките на ЕУ-советот од 1992 година во врска со заедничките критериуми за доволни средства и социјална помош во системот за социјална заштита, како и препораките на Европската комисија од 2008 за активното вклучување на луѓето исклучени од пазарот на трудот. Овие заеднички критериуми тогаш можат да ја овозможат основата за известување и набљудување на усогласеноста на земјите-членки со овие препораки. Со цел да се зајакне стандардот на минималното примање во склоп на агендата за активна вклученост, може да се обрне внимание на прифаќањето на ЕУ-рамковната директива за шемите на примерено минимално примање што ќе ги вклучи заедничките критериуми за кои постои согласност.

2. Сите земји-членки кои досега не го направиле тоа, треба итно да размислат за започнување национална расправа за изградба на консензус за тоа кое ниво на минимално примање е нужно во нивната земја за да им овозможат на луѓето да живеат достоинствен живот и да ги издигнат од сиромаштвото и социјалната исклученост. За таква расправа можат да се добијат информации од заедничките критериуми предложени во нашата прва препорака.

3. Како привремен чекор при обезбедувањето примереност на сите шеми за минимално примање е поставувањето цел на сите земји-членки дека во даден временски рок (да се дефинира национално) комбинацијата на ефектот од минималното примање и другите политички мерки ќе бидат доволни за да ги издигнат сите лица над границата на ризик од сиромаштво во земјата во која живеат (т.е. 60% од просечниот национален домашен изедначен приход). Ова би било во согласност со гореспомнатата Резолуција на Европскиот парламент од 6 мај 2009, во која ЕУ-делегатите тврдат дека „имплементацијата на Препораката 92/441/ЕЕС треба да биде подобрена во однос на минималното примање и социјалниот пренос" и дека „социјалната помош треба да даде примерено минимално примање за достоинствен живот, најмалку на ниво кое е над нивото на 'ризик од сиромаштво' и доволно да ги издигне луѓето од сиромаштво". Напредокот по ова прашање треба да се прати и да се реферира на Комисијата.

49. See : www.peer-review-social-inclusion.eu/network-of-independent-experts/2009/minimum-income-schemes

## *Усогласување*

4. Сите земји кои досега немаат транспарентен и ефикасен механизам за усогласување со вредностите на нивните шеми за минимално примање на годишно ниво, треба да размислат да воспостават таков механизам. Овој механизам треба да ѝ обезбеди на шемата за минимално примање да се задржува во согласност и со инфлацијата и со поскапувањата на животниот стандард. Комисијата треба да ја поддржи размената на наученото и добрите практики низ земјите на ЕУ за ефикасните и навремено усогласените механизми.

## *Опфатеност*

5. Оние земји-членки со многу комплициран систем треба да размислат за негово поедноставување и да развијат појасен систем.

6. Оние земји чии шеми на минимално примање исклучуваат значајни групи кои живеат во сиромаштија како што се бездомниците, бегалците, барателите на азил, нерегистрираните мигранти и Ромите, треба да размислат за измени во нивните шеми за да ги опфатат подобро овие групи.

## *Непреземање*

7. Сите земји кои сѐ уште не направиле така, треба да размислат за да овозможат набљудување на нивоата на непреземање и да ги изнајдат причините за тоа; тие треба исто така да размислат за воведување и набљудување на ефективноста на стратегиите за намалување на непреземањата. Во таа смисла, на централно ниво, административната евиденција може да биде употребена за откривање домаќинства кои се во ризик од сиромаштво, а кои понатаму можат да бидат контактирани за да се провери нивната подобност за бенефиции од минимално примање. Во земји каде што администрациите се слаби, стратегиите можат да вклучат иницијативи за градење способности на соодветно ниво (национални и/или поднационали), за да ги донесат шемите за минимално примање на ефикасен и транспарентен начин. Покрај тоа, ќе биде важно да се обезбеди доследност во интерпретацијата на критериумите за подобност и со тоа да се избегне дискриминацијата и расизмот при преносот на шемата за минимално примање.

8. Во соработка со земјите-членки, Комисијата може да ги документира и да ги шири примерите за успешни стратегии кои се развиени од земјите-членки за зголемување на преземањето.

## *Дестимулација*

9. Комисијата исто така може да ги документира и да ги шири добрите практики што го отсликуваат двојниот карактер за да обезбедат дека: а) шемите за минимално примање се ефикасни во отстранувањето на дестимулациите да се прифати работа и обезбедување, со тоа што луѓето на работа имаат приходи што ги издигаат над сиромаштијата; и б) примереноста на шемите за минимално примање е гарантирана. Ова е нужно за да се избегне некои луѓе да бидат оставени надвор од системот.

## *Поврзување на трите столба на „активната вклученост“*

10. Земјите-членки кои заостануваат треба да размислат за воспоставување посистематичен пристап за насочување на активните мерки на пазарот на трудот кон корисниците на шемите за минимално примање и да им дадат право да учествуваат во активните мерки и во развивањето поспецифичен и сеопфатен систем за поддршка. Обезбедувањето квалитетни услуги за поддршка треба да се смета онолку важно, колку и користењето на финансиски поттик и санкции.

11. Оние земји-членки кои сè уште не го направиле тоа, треба да им обезбедат на корисниците на шемите за минимално примање да имаат пристап до квалитетни услуги; тие треба уште да го земат предвид најдобриот начин за набљудување на напредокот на тоа поле.

12. Во соработка со земјите-членки, Комисијата може да ги документира добрите примери на земјите-членки кои ги поврзуваат шемите за минимално примање со активните мерки на пазарот на трудот и пристапот до квалитетни услуги. Како дел од тоа, би било корисно да се документираат примерите на добра пракса за да се осигура усогласен пристап на локално ниво низ иницијативи, односно „едношалтерскиот систем“. Ова е повторно подрачје каде што размената на наученото и добрата пракса треба да бидат унапредени.

## *Набљудување и известување*

13. Во контекст на социјалниот ОМС и препораките за активна вклученост од 2008 година, Комитетот за социјална заштита треба да го земе предвид воспоставувањето транспарентен систем за редовно следење и известување за улогата што ја играат шемите за минимално примање во осигурувањето дека сите граѓани ги имаат средствата и услугите потребни за достоинствен живот.

14. За да им се помогне на земјите-членки и на Комисијата во нивното регуларно известување, треба да се земе предвид зајакнувањето на улогата на заедничкиот информациски систем на социјална заштита (MISSOC) за систематично документирање на развојот на шемите за минимално примање и обезбедување споредбени табели за карактеристиките на шемите за минимално примање на територијата на ЕУ.

15. Како дел од набљудувањето на примереноста, опфатеноста, ефективниот пренос и преземањето на нивните шеми за минимално примање и услугите на социјалната помош, земјите-членки кои сè уште не го направиле тоа, можат да воспоставаат процедура за активно вклучување на корисниците во редовното набљудување на овие шеми.

## *Економска и финансиска криза*

16. Во рамки на економска и финансиска криза, Комисијата и земјите-членки треба да размислат како да ја имаат клучната улога шемите за минимално примање, како средство за заштита на најранливите и како важен економски стабилизатор за време на криза. Тоа е клучниот дел на нивното набљудување и известување за кризата.

# ДОДАТОК 3: Главни документи и проекти поврзани со примереното минимално примање

## Официјални документи на Европската унија

Заедничкиот извештај за шемите на минимално примање кај ЕУ-членките од националните експерти Хју Фрејзер и Ерик Марлие, октомври 2009, како и извештаите од националните експерти се достапни на веб-страницата на **стојалиштата за социјално вклучување.**

Резолуцијата на Европскиот парламент (незаконодавна) за активното вклучување на луѓето исклучени од пазарт на трудот, мај 2009: www.europarl.europa.eu/sides/get-Doc.do?pubRef=-//EP//TEXT+TA+P6-TA-2009-0371+0+DOC+XML+V0//EN

Заклучоците на Советот за заедничките активни принципи за поефективна борба против сиромаштијата од 17 декември 2008.
www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_Data/docs/pressdata/en/lsa/104818.pdf

**Работен документ на персоналот на Комисијата.** Напредок во набљудувањето на целите на Европската стратегија за социјална заштита и социјална вклученост, **октомври 2008.** http://ec.europa.eu/employment_so-cial/spsi/docs/social_inclusion/2008/omc_monitoring_en.pdf

„Трендови, скорашни развои, активни вклучувања и минимални средства", Заеднички извештај на независниот преглед темелен на националните извештаи од независни експерти, прв семестер 2006 www.peer-review-social-inclusion.eu/network-of-independent-experts/2006/first-semester-2006?set_language=en

92 Препорака 92/441/EEC на Советот „за заедничките критериуми во врска со доволните средства и социјална помош во системот на социјална заштита"
http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:31992H0441:EN:HTML

Веб-страница на Генерален директориум за социјални прашања и вработување и еднакви можности посветена на отворениот метод на координација: http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=753&langId=en

Базата на податоци на заедничкиот информатички систем за социјална заштита (MISSOC) нуди серија споредбени табели на системите за социјална заштита во ЕУ. Сепак е ограничена споредбеноста на националните шеми за минимални примања бидејќи не постои заедничка дефиниција. Види: http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=815&langId=en

## НВО кампањи, мрежи, проекти

**Кампањата на EAPN** во прилог на шемите за примерено минимално примање, со клучни заднински документи и веб-страница за развојот на политиките на минимални примања. Види: www.adequateincome.eu и www.eapn.eu

**BIEN – Basic Income Earth Network** е интернационална мрежа која служи како врска помеѓу поединците и групите посветени или заинтересирани за основниот приход и ги поттикнува расправите за прашањето низ целиот свет. Види: www.basicincome.org/bien/aboutbasicincome.html

**European Consumer Debt Network** е вклучен во транснационалниот проект со цел промовирање на конструкцијата и користењето на стандардните буџети низ цела ЕУ како важен инструмент во борбата против социјалната исклученост: www.ecdn.eu

Искуствата на **Vincentian partnership for justice** во Ирска во врска со стандардните буџети: www.budgeting.ie

Проектот на Joseph Rowntree Foundation ги покажува трошоците за покривање на основните трошоци и услуги за различните типови домаќинства: www.minimumincomestandard.org

## Транснационални проекти за социјалниот стандард:

www.eapn.ie/eapn/setting-minimum-so-cial-standards-across-the-european-union

## Белгиски проект:

www.menswaardiginkomen.be

Презантации во power point:
http://onderzoek.khk.be/domein_SociaalEconomischBeleid/documents/PPTbudgetstandaardBereniceStorms.pdf



CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364-646.2(4-672ЕУ)(036)

ПРИМЕРЕНОСТА на минималното примање во ЕУ : EAPN толкувач 2, 2010. - Скопје: Македонска платформа против сиромаштијата (МППС), 2013. - 48 стр. ; 28 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Додаток 1-3

ISBN 978-608-65332-2-9

а) Социјална помош, парична - Европска унија - Водичи

COBISS.MK-ID 93069322



**Од 1990 година, Европската мрежа против сиромаштијата (EAPN) е независна мрежа на невладини организации (НВО) и групи вклучени во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во земјите-членки на ЕУ.**

Оваа книшка е нацрт на Клер Шампе од Секретаријатот на EAPN, со поддршка на работната група за социјална исклученост на EAPN и Шон Џонс од Секретаријатот на EAPN. Овој документ се надоврзува на издадените дела од неколку истражувачи на подрачјето за сиромаштија и социјална исклученост. Детални референци до тие публикации можат да се најдат во фуснотите и библиографијата. Исто така им се заблагодаруваме на Ерик Марлие и Хју Фрејзер за нивните корисни коментари.

Примереноста на минималното примање во ЕУ, EAPN ТОЛКУВАЧ #2 2010 е преведена за потребите на Македонската платформа против сиромаштија (МППС) со финансиска поддршка од Националната фондација за демократија (НЕД), како дел од проектот "Зајакнување на капацитетот на граѓанските организации да учествуваат во законодавниот процес," имплементиран од Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ). Изразените мислења се на авторот и не значи дека ги рефлектираат мислењата на НЕД и на НДИ.

Европска мрежа за борба против сиромаштијата; копирањето е дозволено доколку се направи соодветно наведување на изворот, април 2010.

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK